Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia

80 години • vjet • years
Ние гледаме луѓе
Ne shohim njerëz
We see people
1945 – 2025

# ГОДИШЕН **ИЗВЕШТАЈ**
# RAPORTI **VJETOR**
# ANNUAL **REPORT**
# 2025

# СОДРЖИНА


Ние гледаме луѓе ........ 03
80 години од формирањето на Црвен крст на РСМ ........ 04
Хуманитарен одговор на кризата во Кочани, солидарност и поддршка ........ 06
Црвен крст на РСМ - домаќин на мрежата „Соседите помагаат први“ ........ 08
Јакнење на организациските капацитети и современи системи за развој ........ 09
Работа на статутарни тела на Црвен крст на РСМ ........ 11
Нормативна рамка ........ 11
Социјално-хуманитарни програми ........ 12
Помош и поддршка на бегалци и мигранти ........ 18
Подготвеност и одговор при катастрофи ........ 19
Климатски промени ........ 22
Ментално здравје и психо-социјална поддршка ........ 23
Здравствено-превентивни програми ........ 24
Прва помош ........ 26
Крводарителство ........ 28
Менаџирање на волонтери и членови ........ 30
Млади на Црвен крст на РСМ ........ 32
Црвен крст во акција - промоција на хумани вредности ........ 34
Дисеминација и меѓународно хуманитарно право ........ 36
Служба барање ........ 37
Односи со јавност ........ 38
Финансиски извештај за 2025 година ........ 39




# НИЕ ГЛЕДАМЕ ЛУЃЕ

2025 година ќе ја паметиме како година на искушенија, но уште повеќе како година на солидарност, зрелост и институционална сила. Во време на предизвици, нашата организација покажа дека хуманоста не е само вредност што ја промовираме – таа е принцип на нашето осум децениско работење. Кризата во Кочани нè исправи пред тешка реалност. Во моменти на загуба и неизвесност, нашите волонтери, психолози и тимови за итен одговор беа рамо до рамо со заедницата – обезбедувајќи хуманитарна и психо-социјална поддршка, активирајќи линии за помош и градејќи процес на закрепнување што продолжува и денес. Повеќе од сто психолози и десетици мобилизирани волонтери покажаа што значи организирана и навремена хуманитарна интервенција. Отворањето на Регионалниот центар за ментално здравје и психо-социјална поддршка во Кочани претставува траен влог во отпорноста на заедницата.

Паралелно, продолживме да ја јакнеме нашата улога како доверлив партнер на институциите и заедниците. Во областа на здравствената превенција, преку мобилни гинеколошки амбуланти, програми за намалување на штети и едукативни кампањи, допревме до најранливите категории граѓани. Илјадници лица добија пристап до услуги што за нив значат здравје, сигурност и достоинство. Над 20.000 граѓани беа опфатени со активности за превенција на заразни и незаразни заболувања – инвестиција во здравјето на целото општество. Истовремено, продолживме со проширување на социјалните и здравствените услуги за најранливите категории. Преку грижа во домот, личната асистенција за лица со попреченост и системот за итни повици и услуги за стари лица во заедницата, илјадници корисници добија поддршка што овозможува достоинствен живот, независност и социјална вклученост.

Во услови на климатски промени и сè почести топлотни бранови, ја дефиниравме нашата институционална улога во рамките на системот за кризен менаџмент за справување со најразлични предизвици како што беа шумските пожари и поплавите во изминатата година но и подигање на свеста на населението за заштита од последиците од климатските промени и справување со други природни катастрофи. Исто така реализиравме и конкретни теренски активности – од едукативни работилници до директна помош за илјадници граѓани погодени од екстремни временски услови. Во делот на миграции, продолживме да обезбедуваме хуманитарна асистенција на лица во движење, почитувајќи ги основните принципи на хуманост, непристрасност и достоинство. Илјадници лица добија храна, вода, медицинска помош и поддршка за зачувување на семејните врски.

Првата помош останува срцето на нашата мисија. Во 2025 година обучивме повеќе од 27.000 лица преку различни курсеви, јакнејќи ја подготвеноста и безбедноста на заедницата. Младите, преку општински, регионални и државни натпревари, ја демонстрираа својата посветеност и знаење, потврдувајќи дека хуманоста се учи и се живее од најрана возраст. Особено сме горди на резултатите во крводарителството. Со над 61.000 собрани единици крв и надминат годишен план од 112%, заедно со Институт за трансфузиона медицина и нашите општински организации, покажавме дека солидарноста спасува животи – секој ден. Зад овие бројки стојат луѓе кои несебично даруваат дел од себе за непознат сограѓанин.

Нашата работа со млади продолжи со несмален интензитет. Повеќе од 2.600 активни млади волонтери и над 20.000 опфатени преку врснички едукации сведочат дека новите генерации ја препознаваат вредноста на ангажманот и одговорноста. Преку програмата Промоција на хумани вредности, младите реализираа 170 мали проекти со значаен локален импакт, вложувајќи илјадници волонтерски часови и собирајќи средства од самите заедници – пример за активно граѓанство во пракса. Во 2025 година, посебен акцент ставивме на зајакнување на институционалната соработка на сите нивоа. Заедничкиот настан со Собранието на РСМ и локалните самоуправи по повод Меѓународниот ден на волонтерите ја симболизира оваа партнерска соработка и ја потврдува заедничката одговорност за промоција на волонтеризмот како столб на социјалната кохезија и демократскиот развој. Оваа соработка го отсликува суштинското значење на нашата помошна улога – независни, но тесно поврзани со јавните институции во служба на општото добро.

2025 година потврди дека отпорноста не се гради само со ресурси, туку со луѓе. Со волонтери кои несебично даваат време и енергија. Со вработени кои професионално и посветено ја носат мисијата напред. Со партнери кои веруваат во нашата улога. Постигнатите резултати не се мерат само со бројки. Тие се рефлектираат во зајакнати заедници, заштитено достоинство и обновена надеж. Нашето 80 годишно хуманитарно делување нè обврзува да продолжиме одговорно да гледаме визионерски кон иднината. Со солидарноста како наш компас партнерствата како наша сила, да продолжиме да и служиме на хуманоста – денес и во децениите што доаѓаат.

д-р Саит Саити
Генерален секретар

проф. д-р Ромел Велев
Претседател

# 80 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

Во 2025 година Црвениот крст на РСМ ја одбележа 80 годишнината од своето постоење. Горди сме на нашите постигнувања, и секогаш подготвени да се справиме со новите предизвици кои значат обезбедување хуманитарна поддршка за луѓето кои се изложени на ризици и кризни состојби. Учиме од минатото и постигнувањата на плејадата волонтери и вработени кои низ текот на 80 години од нашето постоење континуирано даваа придонес за развојот на нашата организација и подобрување на животот на ранливото население во земјава и во светски рамки.

По повод одбележувањето на осум децении од своето фомирање, под високо покровителство на претседателот на Република Северна Македонија, Гордана Силјановска-Давкова на 19 мај 2025 година Црвениот крст на РСМ го одбележа јубилејот со Свечена академија во Македонскиот Народен Театар во присуство на бројни домашни и меѓународни гости под слоганот „Ние гледаме луѓе“, потсетувајќи на елементарните вредности и принципи на организацијата како што се хуманоста, солидарноста и делување во служба на луѓето.

На свечената академија присуствуваа претседателката Сиљановска-Давкова, претседателот на Собранието Африм Гаши, прввиот вицепремиер и министер за животна средина и просторно планирање Изет Меџити, министерот за одбрана Владо Мисајловски, министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, амбасадори, пратеници, градоначалници, претставници на Владата, правосудството, државните и образовните институции и медиумите. Настанот беше збогатен и со присуство на делегации од националните друштва на Црвен крст од Грција, Албанија, Хрватска, Србија, Бугарија и Црна Гора. Претседателката Сиљановска-Давкова посебен акцент во своето обраќање стави на значењето на формирањето на Црвениот крст на Македонија како една од првите одлуки на асномска Македонија  поттикувајќи го градењето на чувство на заедништво и солидарност во државата. На Академијата поздравни обраќања имаа и генералниот секретар на Црвениот крст, д-р Саит Саити  и претседателот, проф. д-р Ромел Велев кои истакнаа дека јубилејот зборува за осум децениски континуитет, раст и посветеност исполнети со ангажман, напорна работа, љубов и грижа за човекот.



На Свечената академија на Црвениот крст на РСМ беше доделено и највисокото признание на организацијата – „Медал на Црвениот крст на РСМ" на претседателката на РСМ, Гордана Силјановска-Давкова, на претседателот на Собранието на РСМ, Африм Гаши, на претседателот на Владата на РСМ, Христијан Мицковски и на првиот заменик претседател на Владата и Министер за животна средина и просторно планирање, Изет Меџити. Исто така, на Свечената академија, на генералниот директор и претседател на управниот одбор на „Алкалоид" АД Скопје – Живко Мукаетов му беше доделена Плакета на Црвениот крст на РСМ во знак на благодарност на „Алкалоид" АД Скопје – како најголем поддржувач на хуманитарните апели на Црвениот крст. На настанот беше доделен и чек-донација на Црвениот крст на РСМ во висина од 1.200.000 денари за опремување на едно крило во Одделот за трауматолигија при Клинички центар Мајка Тереза.




На Свечената академија беше изведена театарска претстава во режија на Снежана Конеска Руси на која актерската група на маестрален начин го преставги историјатот и работата на Црвениот крст на РСМ низ 80 деценискoто дејствување во нашата земја. Свечената академија беше збогатена и со две прекрасни музички изведби на Даут Даутовски и Ментор Сулејмани. По повод јубилејот, беше поставена и пригодна изложба на фотографии во која беа поместени 45 фотографии од историскиот развој на Црвениот крст на РСМ.

Големиот јубилеј беше одбележан и со низа активности на локално и национално ниво како што се организирање на пригодни настани со преставници на локални самоуправи ширум државата и панел дискусии на сите универзитети во земјата на кои стана збор за улогата и местото на Црвениот крст во општествени рамки и придонесот и учеството на општествените чинители во градење на силни локални заедници и моделирање на нови иницијативи и активности за обезбедување на комплементарен придонес во справување со најразлични предизвици во хуманитарната сфера.




## Посета на Претседателот на Владата на РСМ, г-дин Христијан Мицкоски во Црвениот крст на РСМ

На 10 јули 2025 година, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Христијан Мицкоски, го посети Црвен крст на РСМ по повод одбележувањето на 80-годишнината од основањето на организацијата. Во рамки на посетата, посебен акцент беше ставен на неодамнешниот хуманитарен одговор по пожарот што го зафати Кочани, при што беше истакната важноста од координирана и навремена поддршка на погоденото население. Во знак на благодарност за поддршката и афирмацијата на хуманите вредности, Генералниот секретар, д-р Саит Саити, му врачи на премиерот признание – Медал на Црвениот крст на Република Северна Македонија, како симбол на признание за неговата заложба и континуирана поддршка на хуманитарната мисија на организацијата.

# ХУМАНИТАРЕН ОДГОВОР НА КРИЗАТА ВО КОЧАНИ, СОЛИДАРНОСТ И ПОДДРШКА

По трагичниот пожар во дискотеката „Пулс“ во Кочани на 16 март 2025 година, во кој животот го загубија 63 лица и беа повредени над 200 луѓе, Црвениот крст на РСМ веднаш ги активираше сите расположливи капацитети за итен хуманитарен одговор и поддршка на настраданите и нивните семејства. Во координација со државните институции и здравствените установи, беа мобилизирани над 300 волонтери и вработени од повеќе општински организации, како и психолози, лекари и логистички тимови. Формирани беа пунктови за поддршка во болниците во Кочани, Штип и Скопје, обезбедени беа прва психолошка помош, медицинска и логистичка поддршка, санитетски транспорт, како и хуманитарна помош во вид на ќебиња, постелнина, вода, хигиенски материјали и инвалидски колички. Дополнително, беа активирани телефонски линии за психосоцијална поддршка и Центарот за ментално здравје на ЦКРСМ, со ангажман на десетици психолози обезбедуваше континуирана поддршка на погодените семејства.

Паралелно со итниот одговор, Црвениот крст одигра клучна улога во мобилизацијата на јавната солидарност и собирањето хуманитарна помош. Беа отворени сметки и онлајн платформи за донации од земјата и странство, како и телефонски линии за донирање, преку кои беа собрани и поделени средства во вкупна вредност од 168.927.783,00 денари за поддршка на настраданите. Организацијата обезбеди и стотици оброци и вода преку соработка со локални компании и ресторани, а остварена беше и меѓународна координација со националните друштва на Црвениот крст од регионот за поддршка на пациентите хоспитализирани надвор од земјата. Со оваа брза, координирана и сеопфатна реакција, Црвениот крст уште еднаш ја потврди својата клучна улога како прва линија на хуманитарна поддршка во моменти на длабока криза.

Преку Центарот за ментално здравје и психо-социјална поддршка, Црвениот крст реализираше бројни активности насочени кон обезбедување итна помош, но и кон долгорочно зајакнување на индивидуалната и колективната отпорност. Во текот на годината беа активирани три телефонски линии за психо-социјална поддршка, мобилизирани беа над 100 психолози од Комората на психолози, седум психолози беа континуирано ангажирани во советувалиштето при ООЦК Кочани, а повеќе од 60 волонтери беа обучени и вклучени во кризни интервенции. Овие напори овозможија навремен и структуриран одговор на психо-социјалните потреби на заедницата. Со поддршка на Црвен крст на Србија и Австрискиот Црвен крст беше отворен Регионален центар за ментално здравје и психо-социјална поддршка во Кочани, а истовремено беше развиен и модел за интервенција во кризни ситуации, прилагодлив на специфичните потреби на различни заедници.



„Првиот ден по кризата во Кочани беше исклучително тежок, но нашите психолози и волонтери стоеја рамо до рамо со заедницата. Советувачките сесии со семејства кои изгубија најблиски ја потврдија важноста на континуираната поддршка. Заедно започнавме процес на лекување кој продолжува и денес“, – *споделува волонтер/психолог*

„Советувањето ми помогна да најдам мир и сила да продолжам понатаму. Благодарност до целиот тим за постојаната поддршка“, – *корисник на советувалиштето во Регионалниот центар за ментално здравје и психо-социјална поддршка во Кочани*



## ДРЕФ поддршка од Меѓународната Федерација на ЦК/ЦП

Во рамки на поддршката на ДРЕФ операцијата 2025 од Меѓународната Федерација за настраданите во Кочани обезбедени се вкупно 169.641 швајцарски франци. Со овие средства организирани се следниве активности:

- Воспоставени се телефонски линии за психолошка поддршка и советување
- Обезбедена е директна поддршка за семејствата и децата погодени од трагедијата
- Формирани и ангажирани се тимови за прва психолошка помош за време на погребни церемонии
- Обезбедена е психосоцијална поддршка за волонтери и укажувачи на прва помош, вклучени во одговорот на кризата
- Набавени се и дистрибуирани ќебиња и постелнина во болниците, како дополнување на материјалите обезбедени во итната фаза
- Дистрибуирани се 1.533 медицински артикли во болниците во Кочани, Скопје и Штип
- Дистрибуирани се 10.000 шишиња флаширана вода (0,5 л) при теренски посети (болници и погреби) во Кочани, Скопје и Штип
- Обезбедени се нови униформи за подобрена подготвеност и видливост на терен за 95 волонтери на Црвен крст на РСМ
- Во месец јули, 2025 година, организирана е работилница за научени лекции со учество на 30 лица, со цел анализа на одговорот и унапредување на идните интервенции

# ЦРВЕН КРСТ НА РСМ – ДОМАЌИН НА МРЕЖАТА „СОСЕДИТЕ ПОМАГААТ ПРВИ“

Регионалната мрежа „Соседите помагаат први“е иницијатива која се фокусира на солидарност и меѓусебна помош и поддршка меѓу соседите во случај на катастрофи во регионот на Југоисточна Европа. Работата на мрежата ја координира ротирачки Секретаријат. Мрежата се стреми кон поефективно справување со катастрофи и кризи, размена на добри практики и зајакнување на видливоста на регионот на хуманитарен план, имплементација на заеднички проекти преку ЕУ и други извори за финансирање, со цел обезбедување на ефективни и долгорочни хуманитарни активности. Членки на мрежата се националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина од Северна Македонија, Хрватска, Турција, Босна и Херцеговина, Кипар, Албанија, Грција, Бугарија, Словенија, Унгарија, Романија, Црна Гора и Полска. Во работата на мрежата во својство на набљудувачи учествуваат и претставници од националните друштва на Србија, Австрија, Шпанија, Чешка, Словачка и Италија.

Од 01 јули 2025 година Секретаријатот и координацијата на мрежата ја презеде Црвениот крст на РСМ што претставува значајно признание за неговиот капацитет, кредибилитет и регионална улога. На 20 ноември 2025 година во Скопје во хотел Хилтон се одржа состанок на мрежата во присуство на делегации од девет националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина и претставници од Меѓународната Федерација и Меѓународниот Комитет на Црвен крст.  На свечениот дел од состанокот, покрај меѓународните учесници присуствуваа и високи претставници на државни институции, дипломатскиот кор и корпоративниот сектор. Свечени обраќања имаа Министерот за одбрана, г-дин Владо Мисајловски, Претседателот на комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на РСМ, г-дин Павле Арсоски, Извршниот Претседател на Хрватски Црвен крст, г-дин Роберт Маркт и Генералнот секретар на Црвен крст на РСМ, д-р Саит Саити. Во обраќањата беше истакнато значењето на регионалниот пристап и партерска соработка помеѓу националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина и државните институции во однос на обезбедување на навремена и координирана поддршка за погодено население при катастрофи во регионот. Исто така, Црвениот крст на РСМ ја претстави својата новоформирана Интервентна единица за одговор при катастрофи која ќе биде достапна за интервенирање во случај на поголема катастрофа како поддршка за севкупниот систем за кризен менаџмент во државата но и за обезбедување на поддршка за соседните национални друштва во случај на поголема катастрофа во регионот. Во работниот дел на состанокот на Мрежата „Соседите Помагаат Први“ беше дефиниран акциски план и буџет за работа на мрежата за следните две години, и беа презентирани добри практики во изминатите 2 години. Мрежата усвои „Изјава од Скопје“, со која се потврдува заедничката заложба за зајакнување на улогата на заедниците, унапредување на локалната подготвеност и промоција на солидарноста и меѓусебната помош како основни вредности на мрежата.



# ЈАКНЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И СОВРЕМЕНИ СИСТЕМИ ЗА РАЗВОЈ

Во текот на 2025 година, Црвениот крст на РСМ реализираше сеопфатни активности насочени кон јакнење на организациските капацитети, унапредување на внатрешните системи и поддршка на стратешките развојни процеси. Фокусот беше ставен на подобрување на управувањето, зголемување на ефикасноста во работењето, унапредување на човечките ресурси и воведување современи пристапи во планирањето и следењето на резултатите. Преку овие активности, организацијата продолжи да се прилагодува на променливите општествени и хуманитарни предизвици и да гради основа за одржлив и долгорочен развој.

**Проект „Единствен систем за финансиско работење".** Имплементацијата на проектот претставуваше клучен чекор во зајакнување на финансиското работење, отчетноста и дигиталната инфраструктура на Црвениот крст на РСМ. Со воведувањето на финансискиот софтвер Pantheon, беа стандардизирани и интегрирани финансиските процеси на сите 32 општински организации и централата, со што организацијата започна да функционира како единствена финансиска целина. Во 2025 година беше обезбедено и формално признавање од Централниот регистар и Институтот на сметководители, со што се овозможи единствено и целосно усогласено финансиско известување согласно националната регулатива. Преку обуки на национално и локално ниво значително се зајакнаа капацитетите на вработените за прецизно евидентирање, следење на буџети и изработка на реални финансиски извештаи. Единствениот систем овозможи поголема ефикасност, намалување на административните трошоци и подобра контрола на финансиските текови, при што во 2025 година беа евидентирани значајни заштеди во работењето на локалните организации.

Во областа на **заштитата на интегритетот**, беа спроведени активности за промоција и практична примена на онлајн платформата за пријавување, следење и одговор на потенцијални нарушувања, како клучен механизам за унапредување на транспарентноста и отчетноста. Истовремено, беа преземени чекори за подигање на свеста за значењето на заштитата на интегритетот на сите организациски нивоа. Дополнително, беа зајакнати капацитетите на одговорните лица за заштита на интегритетот од општинските организации на Црвениот крст и од Црвениот крст на град Скопје, преку обуки и насочени активности за поефикасно постапување и доследна примена на воспоставените процедури.

**Организациска процена на капацитети на ООЦК.** Во текот на годината беа реализирани активности за евалуација на БОКА процесот, со цел систематско согледување на напредокот и идентификување на клучните области за развој. Евалуацијата обезбеди релевантни податоци за состојбата на организациските капацитети на општинските организации. Резултатите од процесот послужија како основа за започнување на подготовките за нов циклус на БОКА во 2026 година, кој ќе биде прилагоден на контекстот и актуелните состојби и насочен кон понатамошно зајакнување на локалното делување и подобрување на квалитетот на услугите и програмите.

**Фонд за развој и проекти.** Во 2025 година беше применет стратешки пристап различен од претходните години. Иако не беа поддржани локални проекти, фокусот беше ставен на долгорочни инвестиции во човечкиот потенцијал и организациската стабилност. Во таа насока, беше поддржан ангажманот на координатори за млади во најмалите општински организации на Црвениот крст, со цел зајакнување на младинските структури и локалниот капацитет. Дополнително, беше организирана обука за подготовка на предлог-проекти за претставници од 11 општински организации, што претставува значаен чекор кон унапредување на проектните вештини и зголемување на можностите за обезбедување финансиска поддршка во иднина.

**Зајакнување на институционалната соработка и стратешки партнерства.** Во текот на 2025 година, Црвениот крст на РСМ посветено работеше на унапредување и продлабочување на соработката со државните институции, препознавајќи ја институционалната поврзаност како клучен предуслов за ефикасно хуманитарно дејствување. Посебно значајни беа посетите на Претседателот на Владата на РСМ, г-дин Христијан Мицкоски, како и посетата на Претседателот на Собранието на РСМ, г-дин Африм Гаши, кои претставуваат силна поддршка и признание за мандатот, улогата и придонесот на Црвениот крст во општеството. Во рамки на годината беа потпишани меморандуми за соработка со Министерството за внатрешни работи и со Националната агенција за безбедност, со што се создаде формална основа за унапредена координација, размена на информации и заедничко постапување во кризни, вонредни и безбедносно чувствителни ситуации. Овие партнерства

овозможуваат поефикасно вклучување на Црвениот крст во националните механизми за превенција, подготвеност и одговор при кризи и катастрофи. Покрај тоа, во текот на 2025 година беа остварени бројни работни и координациски средби со министри, заменици министри и директори на државни институции, насочени кон усогласување на приоритетите, јакнење на меѓусебната доверба и развој на нови форми на соработка. Преку овие активности, Црвениот крст дополнително го зацврсти своето позиционирање како стратешки, доверлив и незаменлив партнер на институциите во системот за хуманитарна заштита и општествена солидарност.



**Градење меѓународна поддршка за хуманитарните активности.** Во текот на 2025 година, Црвениот крст на РСМ активно ја унапредуваше соработката со дипломатските мисии и странските претставништва во државата, со цел зајакнување на меѓународната поддршка и развој на партнерства во хуманитарната област. Во овој контекст беа реализирани средби и посети со Амбасадорката на Соединетите Американски Држави, г-ѓа Анџела Агелер, Амбасадорот на Република Турција, г-дин Фатих Улусој, Амбасадорот на Република Австрија, г-дин Мартин Памер, како и Амбасадорката на Република Грција, г-ѓа Софија Филипидоу. Средбите беа насочени кон размена на информации за приоритетните активности и програми на Црвениот крст, како и идентификување можности за поддршка и заеднички иницијативи за мобилизирање хуманитарната поддршка, одговор при кризи и јакнење на отпорноста на заедниците. Преку отворен и конструктивен дијалог беа разгледувани можностите за продлабочување на соработката, вклучително и поддршка на долгорочни развојни и волонтерски програми. Овие средби придонесоа кон зголемена видливост на улогата и мисијата на Црвениот крст на меѓународен план и ја потврдија неговата позиција како кредибилен партнер на дипломатската заедница. Континуираната комуникација со амбасадите и дипломатските претставништва претставува значаен сегмент од напорите за обезбедување меѓународна солидарност и одржлива поддршка за хуманитарните активности во земјата.

**Размена и соработка со партнери од Движењето на ЦК/ЦП.** Црвениот крст на РСМ ја унапреди соработката со партнерите од Движењето на ЦК/ЦП во текот на 2025 година преку реализација на повеќе меѓусебни посети и работни средби. Во земјата беа реализирани посети од делегации на МКЦК, Швајцарскиот Црвен крст, Австрискиот Црвен крст и Турската Црвена полумесечина, при што беа разменети искуства и добри практики во областа на хуманитарното дејствување, управувањето со програми и организацискиот развој. Истовремено, делегации на Црвениот крст на РСМ остварија работни посети на Црвен крст на Босна и Херцеговина, Црвениот крст на Бугарија и Хрватскиот Црвен крст. Посетите беа насочени кон зајакнување на меѓусебната соработка, продлабочување на партнерските односи и идентификување можности за заеднички активности и регионални иницијативи. Овие размени придонесоа кон зајакнување на солидарноста и поврзаноста во рамки на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

# РАБОТА НА СТАТУТАРНИ ТЕЛА НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

Во текот на 2025 година, во рамките на работењето на Црвениот крст на РСМ, беа одржани 6 редовни и 7 вонредни седници на Раководниот одбор, на кои беа донесени одлуки од значење за стратешкото, организациското и оперативното функционирање на ЦКРСМ. Покрај редовните седници, беа одржани и повеќе вонредени седници, на кои се разгледуваа актуелни и итни прашања, особено поврзани со состојбата предизвикана од пожарот во Кочани, при што ЦКРСМ навремено постапуваше во рамките на својата мисија и надлежности. Исто така, во текот на 2025 година беше одржана и редовна седница на Собранието на ЦКРСМ, на која беа донесени одлуки од суштинско значење за понатамошниот развој, стабилност и континуитет во работењето, во согласнот со нејзините статутарни цели и принципи.




# НОРМАТИВНА РАМКА

Црвен крст на РСМ посвети значително внимание на унапредувањето и зајакнувањето на својата нормативна рамка, на начин што, беа реализирани значајни и суштински активности во областа на нормативното и правното уредување. Интензивирани беа активностите поврзани со нормативната рамка на Црвениот крст, со цел нејзино усогласување со актуелниот правен и институционален контекст во државата и Движењето на ЦК/ЦП. Континуирано се следеа релевантните законски измени во земјата и беа остварени комуникации и разговори со соодветни институции за создавање предуслови за идни измени на Законот за волонтерство и Законот за Црвен крст. Паралелно со тоа, во втората половина на 2025 година, интензивно се работеше на подготовка на целосен и концептуално усогласен текст на Статутот на Црвениот крст на РСМ, со што се направи значаен чекор кон модернизација и унапредување на основниот акт на ЦКРСМ.




Истовремено, започна процес на изработка на нов нормативен документ – Процедурални правила, кои се предвидени да претставуваат комплементарен документ на Статутот и да обезбедат јасно и прецизно регулирање на постапките и начинот на функционирање на органите и телата на ЦКРСМ. Сите овие активности претставуваат потврда за континуирана заложба на ЦКРСМ за јакнење на институционалната поставеност и нормативната основа, со цел поефикасно и поодговорно спроведување на хуманитарната мисија на Црвениот крст на РСМ. Со донесување на новиот Статут ќе се создаде цврста основа за понатамошно системско усогласување на нормативната рамка во организацијата кое ќе продолжи преку усвојување на измени во текот на 2026 година.

# СОЦИЈАЛНО–ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ

Во 2025 година, Црвениот крст продолжи со интензивно реализирање на социјално-хуманитарните програми, со цел да ги зајакне капацитетите за поддршка на ранливите категории на население, особено постарите лица, лицата со попреченост, семејствата во социјален ризик и други групи во насока на подобрување на квалитетот на живот и социјалната вклученост. Преку систематски и координирани активности, спроведени преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации, во соработка со институции, локални самоуправи и партнери, беа обезбедени услуги и поддршка за потребите на граѓаните, со цел подобрување на социјалната заштита, здравјето и благосостојбата на ранливите групи. Активностите беа фокусирани на обезбедување директна помош и услуги во заедницата, унапредување на квалитетот на живот на ранливите лица, како и поттикнување на активно и здраво стареење преку волонтерска поддршка, социјални услуги во домашни услови, како и едукативни и превентивни активности. Реализираните активности ја потврдуваат посветеноста на Црвениот крст кон создавање општество во кое сите граѓани имаат еднакви можности и достојно место, а поддршката е достапна за најпотребните категории на население.

**Јакнење на самостојноста и квалитетот на живот.** Црвениот крст на РСМ континуирано работи на унапредување на услугите за поддршка на стари лица и лица со намален функционален капацитет. Услугата за помош и нега во домашни услови, која беше започната како пилот-проект во Скопје во 2017 година, од 2021 година е институционализирана и се спроведува во повеќе општини низ државата, со поддршка од Министерството за социјална политика, демографија и млади. Преку услугата беше обезбедена индивидуализирана поддршка за корисници кои поради старосни, здравствени или други причини имаат потреба од помош при извршување на основните активности од секојдневниот живот. Активностите беа насочени кон зајакнување на самостојноста на корисниците, одржување и унапредување на нивниот функционален капацитет, како и овозможување продолжено живеење во сопствениот дом и локалната заедница. Услугата помош и нега во домот се реализираше преку 19 општински организации на Црвениот крст. На локално ниво редовно се координираа активностите помеѓу центрите за социјална работа, општинските организации на Црвениот крст, Црвениот крст на град Скопје, негувателите и корисниците, со цел подготовка на планови, следење, известување и успешно спроведување на услугата.

### Показатели на успешност 2025

- 19 организации на Црвен крст ја реализираа услугата
- 1.141 корисници на услугата
- 404 негуватели кои ја спроведуваа услугата
- 27 локални координатори вклучени во реализацијата



„Работата со стари и немоќни лица бара многу трпение и емпатија. Понекогаш е физички и психички исцрпувачка, но кога ќе видам дека корисниците се посмирени и посреќни благодарение на нашата помош, знам дека вреди. Поддршката од тимот и обуките ми помагаат да бидам подобар негувател и да се справувам со предизвиците секој ден.“

*– Елена Б., негувател вклучен во услугата помош и нега во домот*

„Живеам сама и имам проблеми со движењето. Благодарение на негувателката што доаѓа пет пати неделно, можам да останам во својот дом и да се чувствувам безбедно. Таа ми помага околу хигиената, подготовка на оброци и лекови, но најважно од сè – ми носи чувство дека не сум сама. Ги користам и услугите Итно копче и превоз и сум презадоволна. Често паѓам навечер и знам дека има кој да дојде и да ме крене. Презадоволна сум, не знам како би функционирала да ги нема овие услуги.“
*– Л.Н., општина Карпош, корисник на услугата помош и нега во домот*



**Личната асистенција како поддршка за активен и достоинствен живот.** Црвениот крст на РСМ и во изминатата година ја продолжи имплементацијата на услугата лична асистенција за лица со попреченост, која веќе осум години претставува клучна форма на поддршка за самостојно живеење и социјална вклученост. Услугата се реализира со институционална поддршка од Министерството за социјална политика, демографија и млади. Фокусот на услугата е насочен кон практична и секојдневна поддршка, согласно индивидуалните потреби и животни навики на корисниците, со што се овозможува поголема автономија и активна улога во семејната и пошироката заедница. Преку ангажман на лични асистенти, лицата со попреченост добиваат континуирана помош во нивното функционирање и донесување сопствени одлуки. Услугата се спроведува преку 12 општински организации и Црвен крст на град Скопје, кои обезбедуваат организациска, логистичка и стручна поддршка на терен. Значаен сегмент од имплементацијата е воспоставената редовна соработка помеѓу центрите за социјална работа, организациите на Црвениот крст, личните асистенти и самите корисници.

## Показатели на успешност 2025

- 13 организации на Црвен крст ја реализираа услугата
- 447 корисници на услугата (состојба во декември 2025)
- 322 лични асистенти кои ја спроведуваа услугата
- 19 локални координатори вклучени во реализацијата

„Личната асистенција за мене не е само работа, таа е одговорност, доверба и човечка врска. Како личен асистент, мојата улога е да му помогнам на лицето со попреченост да го живее својот живот на свој начин со своите избори, ритам и потреби. Јас не одлучувам наместо него, јас му помагам тој сам да одлучува. Личната асистенција ме учи на емпатија, трпение и почит. Секој ден учам дека вистинската помош не е во тоа да направиш нешто наместо некого, туку да му овозможиш да може сам. Да се почитува достоинството, приватноста и индивидуалноста на секој човек. За мене личната асистенција значи да бидам дел од нечиј пат, кон поголема самостојност, вклученост и квалитетен живот. Оваа улога носи и одговорност, емоции и предизвици но и огромна човечка вредност, затоа што кога асистенцијата е вистинска таа гради доверба, еднаквост и почит.“ – *Македонка Гуциновска, личен асистент*

„Личната асистенција за мене не е услуга, таа е мојата поддршка за независен живот. Таа ми овозможува да бидам тоа што сум, а не тоа што околностите би сакале да бидам. Со личен асистент можам полесно да се движам, да учествувам во секојдневните активности, да одам на работа, на настани, на дружење, да учам, да создавам и бидам активен член во општеството. Личната асистенција ми дава слобода, сигурност и достоинство. Преку оваа поддршка не станувам зависен, напротив, станувам посамостоен. Имам можност сам да носам одлуки, да планирам, да изразам мислење и да го живеам својот живот според сопствените потреби и желби. Личниот асистент е мој соработник, подржувач и продолжена рака, но јас сум тој што го води животот. За мене личната асистенција е мост помеѓу моите способности и можностите што општеството може да ми ги овозможи.“ – *Д. Д., корисник на услуīа*




**Инвестиција во знаење за подобра грижа.** Црвениот крст на РСМ, како верификуван провајдер на програми за образование на возрасни, во текот на 2025 година успешно реализираше обуки за негуватели за помош и нега на стари лица и лични асистенти на лица со попреченост. Како резултат на овие обуки, на вкупно 171 лице им беа доделени државно признаени сертификати. Верификуваните програмите за обука се спроведуваа согласно стандардите утврдени од Центарот за образование на возрасни. Преку стекнување на практични знаења и вештини, обучените учесници добија можност за подобрување на својата вработливост и активно вклучување во пазарот на труд. Дел од сертифицираните негуватели и лични асистенти веќе се ангажирани во рамки на услугите за помош и нега во домот и лична асистенција за лица со попреченост кои ги испорачува Црвениот крст. Овие услуги се реализираат преку општинските организации на Црвениот крст и ЦКГ Скопје, кои функционираат како лиценцирани провајдери на социјални услуги.

## Показатели на успешност 2025

- 9 организации на Црвен крст реализираа обуки за возрасни
- 126 обучени негуватели за помош и нега на стари лица
- 45 обучени лични асистенти на лица со попреченост

Во текот на 2025 година, Црвениот крст работеше на воспоставување на модел за обука на семејна грижа, со цел да се обезбеди поддршка и знаење за членовите на семејствата кои се грижат за стари лица. Овој модел е дизајниран како основа за понатамошна имплементација и актуелизација во 2026 година, со фокус на унапредување на квалитетот на нега и поддршка во домашни услови.

**Навремена поддршка и безбедност за стари лица и лица со попреченост.** Црвениот крст во рамки на проектот „Развој на деловни услуги за интегрирана грижа и поддршка во Црвениот крст на РСМ“, поддржан од Австриската агенција за развој, Австрискиот Црвен крст и Швајцарскиот Црвен крст, воспостави услуга „Итно копче“ наменета за обезбедување навремена помош на стари лица и лица со попреченост во нивните домови. Услугата опфати вкупно 122 корисници. Преку инсталираните уреди, корисниците имаат можност со едно притискање на копче да повикаат помош во случај на итна состојба или незгода. Повиците се примаат во контакт-центарот на Црвениот крст, кој функционира 24/7 и е обезбеден со обучен стручен кадар. Тимот на услугата располага со четири специјално опремени возила. Во посериозни случаи, тимот веднаш воспоставува координација со надлежните здравствени и други релевантни институции. Услугата „Итно копче“ се спроведува преку ЦКГ Скопје, а покрај итните интервенции, тимот обезбедува и услуга за безбеден транспорт на стари и изнемоштени лица. Во текот на 2025 година беа реализирани вкупно 1.748 транспорти. По завршувањето на проектната поддршка, услугата продолжи да функционира со финансиска и институционална поддршка од општините Кисела Вода, Карпош, Центар, Ѓорче Петров и Гази Баба.

**Поттикнување на активно и здраво стареење.** Услуги за помош и грижа на старите лица во домашни услови  кои се имплементираат преку ЦКГ Скопје продолжија да се спроведуват со поддршка на градот Скопје и Министерството за социјална политика, демографија и млади. Ангажирани беа 5 волонтери на Црвениот крст и 5 медицински сестри кои континуирано испорачуваа социјални и здравствени услуги на вкупно 150 стари лица во домашни услови. Продолжија да се имплементираат активностите за старите лица во центрите за дневен престој на стари лица за активно стареење со простории во ДХО „Даре Џамбаз“, во Општинската организација на Црвен крст Чаир, како и во просториите на ОУ во Општина Сарај. Преку центрите се реализираа Чиконг вежби, сликарски работилници, креативни и рекреативни работилници, едукативни предавања, курсеви по странски јазици, часови по танцување, активности за социјализација (шах, карти, домино, натпреварувачи и забавни игри), прошетки, посети на културни манифестации како и обезбедување административна поддршка за постарите граѓани. Со активностите беа опфатени околу 300 лица во трето доба. Активно и здраво стареење се промовираше и преку центрите за дневен престој на стари лица кои функционираат преку општинските организации на Црвениот крст Крива Паланка, Струмица и Дебар. Активностите беа спроведени во соработка со општините, а поддржани од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Со активностите беа опфатени 150 лица.

**Заедничка грижа и поддршка за достоинствено стареење.** Во услови на забрзани демографски промени и постојано зголемување на бројот на постари лица, Црвениот крст на РСМ, со цел да ја потенцира важноста на интеграцијата, поддршката и активното вклучување на старите лица во општеството, ги одбележа Меѓународниот ден на старите лица и Неделата на грижа за старите лица под мотото „Сите сме нивни деца“. Преку ЦКГ Скопје и општинските организации, во соработка со локални партнери и поддржувачи, беа организирани едукативни работилници на теми од интерес за постарите граѓани, тематски работилници и активности за поттикнување на социјална инклузија, активности за активно и здраво стареење, преку промоција на физичка активност, рекреација, здрави навики и поддршка за одржување на менталното здравје и посети поддршка во заедницата. Овие активности ја потврдуваат заложбата на Црвениот крст за унапредување на општествената поддршка и инклузија, со цел постарите лица да имаат достојно место, активно учество и еднакви можности за квалитетен живот.



**Подобрување на социјализацијата на деца и млади со попреченост.** Црвениот крст на РСМ, во соработка и со поддршка на Комерцијална банка АД Скопје, веќе петнаесетта година континуирано ги реализира активностите во рамки на Проектот „Подобрување на социјализацијата на деца и млади со попреченост“. Во текот на годината, преку осум ООЦК, беа спроведени различни активности насочени кон подобрување на социјалната вклученост и квалитетот на живот на децата од дневните центри и деца сместени во згрижувачки семејства. Во рамки на проектот беа опфатени 340 деца со попреченост на возраст од 3 до 26 години, кои активно учествуваа во едукативни, рекреативни и социјални активности. Во реализацијата на активностите беа вклучени волонтери од клубовите на млади на Црвениот крст, родители на децата, како и претставници на експозитурите на Комерцијална банка АД Скопје, кои ја поддржаа иницијативата и учествуваа во организирањето и спроведувањето на активностите. Активностите беа насочени кон поттикнување на меѓусебната комуникација, развој на социјални вештини, самостојност и зголемување на чувството на припадност. Покрај тоа, преку проектот се овозможи и поддршка за семејствата на децата, преку зајакнување на партнерството меѓу институциите, локалните заедници и волонтерите, со цел создавање инклузивна средина и унапредување на условите за социјализација и интеграција на децата со попреченост.




**Интегрирани услуги за бездомни лица.** Пунктот за бездомници во Момин Поток, Скопје, кој функционира во рамки на ЦКГ Скопје, во периодот јануари–декември 2025 година во просек беше посетуван од 160 бездомни лица. Во пунктот на корисниците им се обезбедуваат услуги од фризер/бербер, лекарски прегледи и совети, обезбедување лекови, топол оброк и напитоци, како и стручно-советодавни разговори со социјален работник и психолог. Во текот на годината беа реализирани вкупно 8.375 посети од страна на бездомните лица, при што им беше обезбедена соодветна и навремена помош. Во рамки на проектот „Зајакнување на здравјето, пристапот, учеството и социјалната еднаквост во земјите од Западен Балкан“, поддржан од Австриското министерство за социјална работа, здравство и заштита на потрошувачите и Австрискиот Црвен крст, кој се имплементира преку ЦКГ Скопје за помош и поддршка на бездомни лица и лица изложени на ризик од бездомништво во Северна Македонија беа опфатени 245 лица. Во текот на 2025 година беа имплементирани активности за јакнење на капацитетите на бездомните лица преку обуки за меки вештини и индивидуална поддршка. Врз основа на проценка на потребите и ризиците на лицата кои живеат во сиромаштија, а се на работ на бездомништво, 10 семејства беа поддржани во реновирање и адаптација на нивните живеалишта во Скопје. Покрај индивидуалните здравствени услуги, беа организирани и работилници за општа здравствена заштита на бездомните лица, додека 30 бездомни жени и девојчиња беа информирани и за прашања поврзани со женското здравје. Обезбедена беше поддршка за 40 деца од семејства во ризик од бездомништво, на возраст од 5 до 18 години, преку заедничко учење со врсници и помош од надворешен стручен едукатор и волонтери од Црвениот крст на град Скопје.

**Црвениот крст во борба против трговијата со луѓе.** Црвениот крст на РСМ активно се вклучува во борбата против трговијата со луѓе, препознавајќи ја превенцијата како клучен сегмент во заштитата на децата и младите. Во текот на годината, преку општинските организации и ЦКГ Скопје, беа спроведени врснички едукации и превентивни активности наменети за млади од основните и средните училишта. Во рамки на овие активности беа реализирани 76 работилници, со кои беа опфатени 2.288 млади, кои имаа можност да се запознаат со основните поими поврзани со трговијата со луѓе, ризиците и последиците од оваа појава, како и со начините за лична заштита. Посебен акцент беше ставен на препознавање на ризични ситуации, злоупотреба на довербата, лажни ветувања за вработување или образование, како и безбедно користење на социјалните мрежи и интернет просторот. По повод одбележувањето на Европскиот ден на борба против трговијата со луѓе, беа организирани 31 дополнителни превентивни работилници, во кои беа вклучени 1.175 млади од основни и средни училишта, како и волонтери од Клубовите на млади на Црвениот крст. Преку овие активности, младите активно учествуваа во дискусии, интерактивни вежби и симулации, што придонесе за подобро разбирање на ризиците и развивање на вештини за самозаштита. Превентивните работилници придонесоа кон зголемување на информираноста кај младите за ризиците од трговијата со луѓе и јакнење на нивните капацитети за навремено препознавање на опасностите.

**Бесплатен одмор за деца од семејства во социјален ризик.** Во зимскиот и летниот период од годината, во рамки на проект поддржан од Министерството за социјална политика, демографија и млади, беше организиран бесплатен одмор и рекреација за деца од семејства во социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и други социјални права, како и деца на кои им е потребна дополнителна поддршка. Овие активности имаа за цел да им овозможат на децата безбедна средина за одмор, дружење и развој, како и можност за стекнување нови искуства надвор од нивното секојдневно опкружување. Црвениот крст на РСМ учествуваше во проектот со 29  волонтери, кои за време на престојот со 375 деца реализираа разновидни рекреативни, едукативни и воспитни активности, прилагодени на возраста, интересите и индивидуалните потреби на децата. Активностите вклучуваа спортски и креативни работилници, едукативни игри, тимски активности, како и разговори и сесии за развој на социјални вештини, со цел поттикнување на соработката, самодовербата и позитивната социјализација.

**Хуманитарна помош за ранливо население.** Во услови на зголемени социјални потреби и економски предизвици, Црвениот крст во текот на годината реализираше две хуманитарни собирни акции со цел обезбедување основна материјална помош за најранливите категории на население. Акциите беа организирани за собирање храна, облека и средства за хигиена, во соработка со стопанските комори во земјата, компании, образовно-воспитни институции, здруженија на граѓани и граѓаните. Беа собрани 29.300 кг храна, 11.000 кг облека, 2.350 кг. средства за хигиена, кои беа дистрибуирани до корисниците. Преку овие акции, помош добија 2.500 лица во социјален ризик, со што се придонесе кон ублажување на последиците од сиромаштијата и подобрување на нивните основни животни услови.



# ПОМОШ И ПОДДРШКА НА БЕГАЛЦИ И МИГРАНТИ

Црвениот крст на РСМ, како хуманитарна организација која повеќе од една деценија обезбедува поддршка за лицата во движење, во 2025 година продолжи со обезбедување хуманитарна асистенција, со посебен акцент на најранливите категории лица, изнемоштени лица, мајки и деца, дејствувајќи во согласност со основните принципи и меѓународните хуманитарни стандарди. Хуманитарната асистенција се реализираше преку мобилните тимови распоредени во двата транзитни центри на северната и јужната граница, Хуманитарно-сервисна точка во Лојане, општина Липково, како и преку активностите во Центарот за странци – Скопје. Преку овие форми на поддршка, во текот на годината беа асистирани вкупно 10.406 лица во движење, на кои им беше обезбедена хуманитарна помош во вид на дистрибуција на храна, вода, готови и топли оброци, како и активности за промоција на хигиена и заштита на човековото здравје. Значаен сегмент од активностите на медицинските тимови беше насочен кон обезбедување здравствена поддршка на лицата во движење. Во текот на 2025 година беше укажана прва помош на 3.286 лица, реализирани беа 15 медицински транспорти и овозможени 32 упатувања до секундарна здравствена заштита преку воспоставениот систем за упатување во соработка со Министерството за здравство. Во вкупниот обем на асистенција е вклучена и примарната здравствена заштита на лицата – странци задржани во Центарот за странци – Скопје, каде националното друштво обезбедува континуирана медицинска поддршка. Во рамки на заштитната компонента на програмата, продолжи и поддршката преку Службата за барање на Црвениот крст на РСМ, при што во текот на годината беа обработени 18 случаи на лица во движење со потреба од воспоставување или одржување контакт со членовите на нивните семејства, со што се придонесе кон зачувување на семејните врски и психосоцијалната благосостојба.

Паралелно со хуманитарната асистенција на лицата во движење, Црвениот крст на РСМ во 2025 година продолжи со активности насочени кон развивање на локалниот контекст и зајакнување на соработката со заедницата во с. Лојане. Во соработка со локалните образовни установи беа реализирани бројни едукативни и превентивни активности од здравствено-превентивната дејност, насочени кон подигање на свеста за здрави животни навики, превенција од заболувања и унапредување на јавното здравје, при што беа опфатени и ученици и наставен кадар од ООУ „Рилиндја“. Дополнително, во рамки на активностите за намалување на ризици од катастрофи и заштита на животната средина, заедно со волонтерите и жителите на с. Лојане беа реализирани активности за пошумување, со што се придонесе кон унапредување на локалната средина и зајакнување на чувството на заедничка одговорност и солидарност. Овие активности имаа значајна улога во зајакнување на соработката со локалната заедница и во поттикнување на позитивна интеракција меѓу мобилните тимови, локалното население и лицата во движење. Во континуитетот на активностите на Националната програма се вбројува и поддршката за граѓаните од Украина, како и поддршката на лицата под меѓународна заштита во државата.



# ПОДГОТВЕНОСТ И ОДГОВОР ПРИ КАТАСТРОФИ

Во текот на 2025 година, Црвениот крст на РСМ ја зајакна својата улога како клучен национален чинител во обезбедување одговор при катастрофи, јакнење на отпорноста на заедниците и справување со растечките климатски ризици. Преку инвестиции во човечки капацитети, современа опрема, институционални партнерства и системски пристап кон превенција и подготвеност, организацијата обезбеди побрз, поефикасен и подостоинствен одговор за населението во кризни ситуации.

**Градење капацитети за побезбедни и поотпорни заедници.** Црвениот крст на РСМ систематски ги зајакнуваше своите капацитети за подготвеност и одговор при катастрофи преку инвестиции во луѓе, опрема, партнерства и иновативни решенија. Овие напори придонесоа за побрза реакција, подобра координација и поефективна поддршка на населението во кризни ситуации, во согласност со националните приоритети и глобалните хуманитарни стандарди. Паралелно, организацијата ја унапреди својата стратешка улога во намалувањето на ризици од катастрофи и во справувањето со климатските промени, како сè позначајни фактори што влијаат врз безбедноста и благосостојбата на заедниците.

**Посилна интервенција преку надградба на капацитети.** Црвен крст на РСМ преку својот фонд за подготвеност и одговор при катастрофи и со поддршка од Меѓународната Федерација и Шпаркасе Банка, продолжија со заеднички активности за јакнење на капацитетите за одговор при катастрофи. Беа обезбедени униформи, материјали за прва помош, опрема и возило за потребите на Интервентната единица за одговор при катастрофи, со што значително се подобри безбедноста, видливоста и оперативноста на тимовите на терен. Шпаркасе Банка претставува пример за одговорна корпоративна поддршка која директно вложува во безбедноста и отпорноста на заедниците. Дополнително, во февруари 2025 година беше извршено примопредавање на Мобилен оперативен центар, донација од Европската команда на САД кој овозможува подобрена координација, побрзо донесување одлуки и ефикасна поддршка на теренските активности, дури и во тешко пристапни услови. Организацијата доби и опрема за спасување на вода од Федерацијата за поддршка на меѓународното спасување (FIL) и компанијата Zacki Surf & Sport, што значително ги унапреди капацитетите за безбедност на водните површини и за обука на спасители на вода.



**Дрон-технологија за побрзи и попрецизни интервенции.** Во 2025 година, Црвениот крст на РСМ ги зајакна своите капацитети за воздушно набљудување и теренски процени преку спроведување специјализирана обука за управување со дронови на основно и напредно ниво. Учесниците се обучуваа за безбедно управување, планирање летови и работа во сложени услови, со посебен фокус на употребата на термални дронови за пребарување и спасување, ноќни операции и процена на оштетени подрачја. По успешно завршување на обуката, учесниците се стекнаа со официјални лиценци за категории A1 и A3, согласно важечките регулативи. Со ова, организацијата значително ја подобри својата способност за брза проценка на состојбите и навремена поддршка при хуманитарни интервенции.

**ПЕР процес: системско унапредување на подготвеноста.** Во периодот од 27 до 29 октомври 2025 година, во центарот за обука „Солферино“Струга, беше реализирана работилница за подготвеност за ефективен одговор при катастрофи (ПЕР), со поддршка од Меѓународната федерација на ЦК/ЦП. Работилницата беше фокусирана на ревидирање и унапредување на постојниот ПЕР-план и јакнење на институционалните капацитети на национално и локално ниво. Преку партиципативен процес, учесниците ги анализираа постојните ресурси, ги идентификуваа клучните недостатоци и ги приоритизираа идните активности. Работилницата резултираше со ажурирана ПЕР-алатка со конкретни препораки за развој на системот за подготвеност и одговор, која ќе служи како основа за идни програми на полето на намалување на ризици, климатска адаптација, логистика, волонтерски менаџмент и координација на интервенции.

**Регионална и меѓународна соработка за поефикасен одговор.** Црвениот крст на РСМ учествуваше на регионалниот состанок на координаторите за менаџмент на катастрофи во Сараево, организиран од Меѓународната федерација на ЦК/ЦП, заедно со националните друштва од регионот. Фокусот беше ставен на размена на искуства од реални интервенции, развој на дигитални алатки, прекугранична соработка и интеграција на иновативни решенија, вклучително и користење нови технологии во управувањето со катастрофи, со посебен акцент на климатските ризици и адаптацијата. Дополнително, во центарот за обука во Струга, Црвениот крст на РСМ, во соработка со Меѓународната федерација на ЦК/ЦП, организираше деветдневна меѓународна обука за координација, проценка и планирање, со учество на 29 претставници од национални друштва од различни земји. Во рамки на обуката беше реализирана и комплексна теренска симулација со сценарио „земјотрес во Охридскиот регион“, во соработка со партнерски иннституции, што дополнително ја зајакна интероперабилноста и оперативната подготвеност за одговор во сложени кризни ситуации.

**Интервентна единица за побрза и покоординирана реакција.** Во рамки на проектот „Воспоставување на интервентен тим на Црвениот крст на РСМ“, финансиран од Меѓународната федерација на ЦК/ЦП, во 2025 година беше спроведена обука за членовите на новоформираната Интервентна единица за одговор при катастрофи. Единицата брои 45 членови професионалци и волонтери организирани во функционални тимови за логистика и брза проценка, прва помош, психосоцијална поддршка и информирање во кризни ситуации, со задача да реагираат во првите 72 часа по катастрофа. Единицата располага со значајни оперативни капацитети, вклучително теренски и амбулантни возила, АТВ возило, спасителен чамец, мобилна кујна и генератор, WASH-станица, командно возило и логистичко оперативно возило. Обуките опфатија теми како брза проценка, безбедност, координација, комуникација, прва психолошка помош и примена на научени лекции од претходни интервенции, вклучително и пожари и масовни несреќи. Со воспоставувањето на оваа полупрофесионална единица, Црвениот крст значително ја унапреди својата оперативна подготвеност и капацитет за навремен, структуриран и ефективен одговор.



**Заеднички планови со институциите за управување со кризи.** Во август 2025 година, генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ оствари работна средба со директорот на Центарот за управување со кризи, посветена на унапредување на меѓусебната соработка за превенција и одговор при природни катастрофи, пожари и други вонредни состојби. Средбата резултираше со договор за интензивирање на заедничките обуки, симулациски вежби и механизми за размена на информации, со цел обезбедување побрза и поефикасна координација и посилна заштита на населението во кризни ситуации. Паралелно, Црвениот крст активно учествуваше во симулациски вежби со Министерството за внатрешни работи, при што беа демонстрирани капацитетите за прва помош, психолошка прва помош, психосоцијална поддршка, тријажа, транспорт на повредени и мобилен оперативен центар, што придонесе за унапредување на интероперабилноста и заедничката подготвеност на институциите.

**Намалување на ризик од катастрофи и национална отпорност.** Во мај 2025 година, Црвениот крст на РСМ активно учествуваше на четвртиот состанок на Платформата за дијалог за намалување на ризици од катастрофи, организиран од УНДП, заедно со претставници на националните институции, амбасади и меѓународни партнери. На средбата беше истакната важноста од заедничките напори за јакнење на националната отпорност, размена на добри практики и интегрирање на меѓународни искуства во националните системи за управување со ризици. Преку учество во вакви мултисекторски платформи, Црвениот крст ја зацврстува својата улога како стратешки партнер во процесите за превенција, подготвеност и системско справување со катастрофи, придонесувајќи кон подобра координација, усогласување на интервенциите и поголема ефективност на националните одговори.



**Поддршка при гасење пожари и теренски интервенции.** Во текот на 2025 година, Црвениот крст на РСМ активно учествуваше во одговорот на повеќе вонредни ситуации, вклучително и за време на пожарите. Волонтерите и вработените беа ангажирани во координацијата и логистичката поддршка на терен, обезбедувајќи базени за полнење вода за хеликоптерските интервенции, поддршка за службите за заштита и спасување и директна помош за населението во ризик. Организацијата остана целосно мобилизирана во текот на интервенциите, со подготвеност за дополнителен ангажман согласно развојот на состојбите и потребите на терен, уште еднаш потврдувајќи ја својата улога како доверлив партнер и прв одговорувач во ситуации на криза.

**Безбедност на вода.** Во текот на 2025 година Центрите за безбедност на вода во Охрид и Скопје организираа курсеви за спасители на вода за потребите на Црвен крст на РСМ. Вкупно се оспособени 24 спасители на вода во 2025 година. Тимовите за безбедност на вода ги обезбедуваа сите настани поврзани со водени спортови и традиционални настани во Охрид, Скопје и Велес.

# КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

**Одговор на топлотни бранови.** Соочувањето со климатските промени стана приоритет и во здравствената превенција. Црвениот крст на РСМ реализираше сеопфатни активности за заштита на населението од последиците на екстремните топлотни бранови. Во 2025 година реализирани се 40 едукативни работилници со опфат на 480 лица. При тоа е укажана прва помош на 140 лица, дистрибуирана е флаширана вода за 25.882 лица, измерен е крвен притисок кај 2.737 лица и поделени се 9.258 информативни флаери.

**Климатски промени – од итен одговор кон долгорочна адаптација.** Препознавајќи дека климатските промени сè повеќе влијаат врз здравјето, безбедноста и благосостојбата на населението, Црвениот крст на РСМ од 11 до 13 јуни 2025 година организираше национална работилница за позиционирање на улогата на организацијата во одговорот и справувањето со климатските промени, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, Институтот за јавно здравје, Светската здравствена организација и Програмата за развој на Обединетите нации. Работилницата резултираше со јасни насоки за стратешко и системско позиционирање на Црвениот крст, со фокус на зголемување на јавната свест за здравствените ризици од климатските промени, промоција на превентивно однесување, имплементација на Акцискиот план за топлотни бранови 2025–2030, интеграција на климатските аспекти во програмите за прва помош, психосоцијална поддршка и катастрофи, како и унапредување на соработката со локалните самоуправи и институциите. Беа дефинирани и препораки за воспоставување Центар за адаптација кон климатските промени во рамки на Црвен крст на РСМ и за изработка на Политика за улогата на организацијата во климатската акција. Овие процеси ја потврдуваат препознаеноста на Црвениот крст на РСМ како релевантен и доверлив партнер во националниот одговор на климатските предизвици и создаваат основа за долгорочно, превентивно и системско дејствување во заштита на ранливите групи и заедниците изложени на климатски ризици.






**Показатели на успешност 2025**

- Унапредена партнерска соработка со релевантни институции за климатски промени
- Изработена и усвоена Политика за развој на програмата за климатски промени Црвен крст на РСМ
- Дефинирана улога на Црвен крст на РСМ во националниот институционален одговор за климатски промени

# МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ И ПСИХО–СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

2025 година беше година на силна посветеност на менталното здравје и психо-социјалната поддршка на заедницата. Центарот за ментално здравје и психо-социјална поддршка спроведе бројни активности кои имаа за цел обезбедување непосредна помош, и зајакнување на отпорноста на заедницата. Програмите беа засновани на пристап кој комбинира индивидуално советување, групна работа и креативни методи за изразување, овозможувајќи на корисниците да ги споделат своите искуства, да добијат поддршка од колективот и да развијат внатрешни вештини за справување со стресот и траумата. Во текот на годината, Центарот за ментално здравје и психо-социјална поддршка, заедно со партнерските советувалишта, обезбедија над 150 бесплатни индивидуални советувачки сесии за лица кои се соочуваат со различни психолошки и емоционални предизвици. Паралелно со индивидуалната работа, преку групни сесии, арт експресивна терапија и психо-социјална поддршка за онколошки пациенти, десетици учесници добија можност да споделат искуства, да се поврзат со другите и да изградат внатрешни вештини за справување со стресот и секојдневните предизвици. Активностите обезбедија непосредна поддршка и создадоа долгорочна основа за едукација и зајакнување на отпорноста во заедницата. Секое советување и секоја групна сесија беше дел од поширока визија – промоција на менталното здравје, поддршка за заедницата и градење на доверба и солидарност.




## Показатели на успешност 2025

• 154 сесии во Гешталт советувалиштето
• 53 сесии во советувалиштето Амигдала
• 12 групни сесии за вработени – арт експресивна терапија
• 20+ сесии за психо-социјална поддршка на онколошки пациенти
• 3 активирани линии за психо-социјална поддршка за време на кризата во Кочани
• 100+ психолози од Комората на психолози вклучени во поддршка во кризата
• 7 психолози активни во советувалиштето во ООЦК Кочани
• 60+ мобилизирани волонтери за кризни интервенции
• Отворен Регионален центар за ментално здравје и психо-социјална поддршка во Кочани, со поддршка на Црвен крст на Србија и Австриски Црвен крст
• Развој на модел за интервенција при кризни ситуации, прилагодлив на специфичните потреби на заедницата
• Воведени креативни активности и едукации за млади лица, со цел намалување на стрес и подигање на јавната свест

„Првиот ден по кризата во Кочани беше тежок, но нашите психолози и волонтери стоеја рамо до рамо со заедницата. Советувачките сесии со семејства кои изгубиле најблиски ја потврдија вредноста на континуираната поддршка. Заедно, градејќи доверба и отпорност, започнавме процес на лекување кој продолжува и денес." - *волонтер/психолог*

**Порака од корисник:** „Советувањето ми помогна да најдам мир и сила да продолжам понатаму. Благодарност до целиот тим за постојаната поддршка." – *корисник на советувалиштето во Регионалниот центар за ментално здравје и психо-социјална поддршка Кочани*

# ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

Во 2025 година, Црвениот крст на РСМ реализираше здравствено-превентивни активности наменети за заедницата со посебен фокус на најранливите групи и заедници со ограничен пристап до здравствени услуги. Преку интегрирани, иновативни и мобилни пристапи, програмите придонесоа за подобро јавно здравје, навремена превенција и зголемена здравствена писменост кај населението. Програмата обединува превенција од заразни и незаразни заболувања, намалување на штети од употреба на дрога, унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, како и одговор на здравствените последици од климатските промени.

**Намалување на штети и превенција на ХИВ.** Преку проектот за намалување на штети од употреба на дрога, поддржан од Министерството за здравство, Црвениот крст обезбеди континуирани здравствени и социјални услуги за лица кои користат дрога. Целта на проектот е подобрување на нивниот здравствен, социјален и економски статус и намалување на ризикот од ХИВ и други заразни заболувања.

## Показатели на успешност 2025

- Опфатени 389 лица
- Поделени 21.315 игли и 29.394 шприцеви
- Дистрибуирани 2.101 кондоми и 1.590 лубриканти
- Реализирани 907 социјални и 1.299 медицински услуги







**Мобилни здравствени услуги.** Во соработка со Министерството за здравство, Македонската лекарска комора, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, Црвениот крст во 2025 година овозможи пристап до мобилни гинеколошки услуги за жени од рурални и маргинализирани заедници. Во периодот март-ноември 2025 година волонтерите на Црвениот крст на РСМ преку теренска активности за информирање, мапирање и административна поддршка, придонесе да се надминаа бариерите за пристап до сексуално и репродуктивно здравје во пет општини (Градско, Македонски брод, Крушево, Демир Хисар и Старо Нагоричане).

„Јас, В.С., 32 години, самохрана мајка на две малолетни деца, ја искористив бесплатната гинеколошка услуга организирана од Црвен крст Крушево. За активноста дознав преку нивната Фејсбук страница. Поради финансиски тешкотии, долго време немав направено гинеколошки преглед. Оваа бесплатна услуга беше од големо значење за мене. Прегледот во мобилната амбуланта помина во пријатна и дискретна атмосфера. Резултатите ги добив навреме преку волонтерите. Добрите резултати ми донесоа олеснување и чувство на сигурност." – *корисник од Крушево (самохрана мајка)*

„Бев ангажирана како волонтер во проектот за бесплатни гинеколошки прегледи, организиран од Општината и Црвен крст Куманово. Моја задача беше координација на термини и информирање на жените преку телефон и социјални мрежи. Ми претставуваше чест да бидам дел од активност за подобрување на женското здравје. Голем број жени направија преглед по повеќе од десет години. Иако сме мала општина, интересот беше значителен. Активноста имаше силно влијание врз подигнување на свеста за редовни прегледи. Сметам дека ваквите иницијативи се од исклучително значење."

*– Н. Ѓ., волонтер на Црвен крст, вработена во Општина Старо Нагоричане*



**Подигање на свест, подобрена превенција на заразни и незаразни заболувања.** Преку традиционалните здравствено-превентивни недели, во текот на 2025 година Црвениот крст на РСМ реализираше кампањи, едукации, панел дискусии и работилници за превенција од срцево-садови заболувања, рак, дијабетес, туберкулоза, ХИВ/СИДА и болести на зависности. Активностите беа насочени кон здравствена промоција и зајакнување на капацитетите на заедниците.

## Показатели на успешност 2025

- Подигната свест и здравствена писменост на населението за превенција на заразни и незаразни заболувања
- Опфатени над 20.000 лица низ државата

# ПРВА ПОМОШ

**Јакнење на капацитетите на заедницата.** Првата помош претставува чин на хуманост покажувајќи подготвеност да се спасат животи со целосно почитување на човековите права и без никаква дискриминација. Првата помош треба да се препознае како составен дел на поширокиот развоен пристап во градење на побезбедни и поотпорни заедници. Затоа, обуката по прва помош треба да биде достапна за сите. Во 2025 година, илјадници граѓани беа обучени за навремено и правилно постапување во итни ситуации, со што директно се зголемува безбедноста и отпорноста на заедниците.

## Показатели на успешност 2025

- Организирани 1.991 курсеви за возачи – оспособени 25.291 лица
- Организирани 269 курсеви за работни организациии – оспособени 1.500 лица
- Организирани 149 курсеви за пловни објекти – оспособени 801 лице



**Прва помош и климатски промени - Знаење што спасува живот.** Оваа година Црвениот крст на РСМ под мотото „Прва помош и климатски промени“ го одбележа Светскиот ден на првата помош преку спроведување на јавни настани за демонстрирање на техники по прва помош во локални паркови и фреквентни локации, организирање на работилници кои се фокусираат на важноста на првата помош и климатските промени, споделување на постери и информации за подигнување на јавната свест за првата помош при климатски промени и организирање на јавни кратки обуки за прва помош по повод промовирање на Светскиот ден на прва помош и климатски промени. Посебно е важно да се истакне одличната соработка со образовни институции и центри во заедницата  и промоција на прва помош при климатски промени.

## Показатели на успешност 2025

- Зголеми свесноста на населението за новите ризици по здравјето поврзани со климатските промени
- Опфатени: 3.470 лица

**Инвестираме во младите: хуманоста се гради од најрана возраст.** Првата помош претставува значајна животна вештина која децата и младите треба континуирано да ја развиваат и надградуваат во текот на своето образование и понатамошен живот. Со цел дополнително унапредување на знаењата и практичните вештини кај младите, Црвениот крст на РСМ организира општински, регионални и државни натпревари по прва помош. Натпреварите по прва помош оваа година се организираа под мотото „Прва помош во училишна средина“. Во месец мај се одржаа два регионални натпревари по прва помош во Гевгелија и Центар – Скопје за првопласираните екипи од општинските натпревари на средните училишта низ државата. На 20 септември 2025 година во Гостивар се одржа 31-от Државен натпревар по прва помош на кој учествуваа 10 екипи пласирани како најдобри на регионалните натпревари. Тимовите се натпреваруваа во реалистично симулирани сценарија на повреди и итни ситуации. Покровители на настанот беа Министерот за здравство на РСМ и градоначалникот на Општина Гостивар. Во рамки на натпреварот беше изведена и ревијална показна вежба од Дирекцијата за спасување и заштита и Противпожарната служба на Гостивар. Победник на овогодинешниот државен натпревар беше екипата на ООЦК Центар, второто место го освои ООЦК Куманово, а третото место и припадна на екипата на ООЦК Кочани. Натпреварите и учеството на младите во активностите за прва помош придонесоа да се развијат практични вештини за правилна и брза реакција при итни состојби кај младите, да се зголеми свесноста за значењето на првата помош во секојдневни и кризни состојби и да се промовира хуманоста, солидарноста и одговорноста кај младите како основа за спасување животи.

**Кампања: „Кажи НЕ на пиротехниката“.** Црвениот крст на РСМ во месец декември, во соработка со Министерството за внатрешни работи, реализираше превентивна кампања за подигнување на јавната свест за опасностите од употреба на пиротехнички средства, особено за време на празници. Во рамки на кампањата во Скопје, Струмица, Велес, Битола, Охрид, Кочани, Гостивар и Куманово, на фреквентни јавни простори беа организирани симулациски вежби, преку кои беа прикажани реалните последици од неправилна и несовесна употреба на пиротехника. Целта на кампањата беше граѓаните директно да ги согледаат ризиците и сериозноста на ваквото однесување и да се испрати порака за значењето на превенцијата, едукацијата и одговорното однесување. Спроведени се 8 симулациски вежби за превенција од употреба на пиротехника, снимен е видео запис за промоција на кампањата и емитуван на ТВ и социјални медиуми и подигната на јавната свест за опасностите од употреба на пиротехнички средства кај населението во државата.








# КРВОДАРИТЕЛСТВО

Во 2025 година, Црвениот крст на РСМ, согласно Програмата за крводарителство, реализираше редовни активности за континуирано организирање и реализирање на планираните крводарителски акции, со цел обезбедување на потребните количини крв, на здравствениот систем во државата. Црвениот крст на РСМ и Институтот за трансфузиона медицина во 2025 година од планираните 55.000 единици крв реализираа 61.778 единици крв или планските обврски ги исполнија со 112.32%. Во градот Скопје, општинските организации на Црвен крст Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир во 2025 година реализираа 19.203 единици крв или планските обврски ги исполнија со 119.15%.

**Крводарителски акции.** Во општинските организации на Црвен крст од внатрешноста, во  2025 година беа реализирани 41.335 единици крв. Во Градската општа болница „8-ми Септември" во Скопје, во службата за трансфузиона медицина во 2025 година беа реализирани 2.024 единица крв. Во Дневниот центар за дарување на крв во ДХО „Даре Џамбаз" во Скопје во 2023 година беа реализирани 3.367 единици крв. Планските обврски за крводарителство во 2025 година ги исполнија 20 ООЦК: Берово 131.4%, Битола 162.51%, Валандово 105%, Велес 204.40%, Виница 266.48%, Демир Хисар 131.4%, Делчево 204.23%, Кавадарци 204.88%, Крива Паланка 181.57%, Неготино 145,45%, Прилеп 109.43%, Пробиштип 163.75%, Ресен 109.43%, Свети Николе 167.97%, Струга 114.25%,Тетово 218,12%, Штип 202,87%, Гази Баба 132.75%, Карпош 122.40% и Центар 208.38%. Тимот за координација, од Црвен крст на РСМ и Институт за трансфузиона медицина во текот на 2025 година одржа над 50 координативни состаноци и координираше 811 крводарителски акции на терен. Во текот на 2025 година беа поделени 1.028 јубилени награди.

**Врсничка едукација за мотиватори за крводарителство.** Со цел активирање на претходно обучените врснички мотиватори во втората половина на 2024 година, во октомври 2025 година, беа изработени насоки за активирање на истите и понатамошно реализирање на планираните едукации. Согласно оваа активност во периодот од октомври до декември 2025 година, во 14 Општински организации на Црвениот крст, беа реализирани 36 едукации за 1.273 слушатели. Едукациите беа спроведени во средните училишта и факултети, 3-7 дена пред реализација на планираната крводарителска акција.

**Свечено доделување признанија за остварени резултати во крводарителството.** Во организација на Црвен крст на РСМ, беше реализиран настан за доделување на признанија на 20  ООЦК, кои  во текот на 2024 година, поддржувајќи го здравствениот систем, јакнејќи ја свеста за хуманоста и солидарноста, со реализирањето на сите редовни и дополнителни крводарителски акции, и со своите дополнителни активности за унапредувањето на крводарителството, постигнале високи резултати и го надминале планот за 2024 година. Во текот на месец декември, 24 општински организации на Црвениот крст во своите заедници реализираа настани за доделување јубилејни награди на крводарители кои достигнале 50, 75 и 100 дарувања, на истите беа доделени 1.028 признанија.

**Работилници за унапредување на крводарителството.** Црвениот крст на РСМ во перидот 21-30 ноември, во рамки на годишната програма за развој на крводарителството реализираше трипоследователни работилници посветени на унапредување на крводарителството, во насока на јакнење на организациските капацитети на општинските организации и зајакнување на мотивациските тимови.

| Работилница | Целна група | Период |
|---|---|---|
| Работилница за мотиватори за крводарителство | 12 ООЦК<br>12 возрасни мотиватори од работни средини | 21 – 23.11.2025 година |
| Работилница за ООЦК за креирање на нови средини за дарување на крв | 8 ООЦК<br>6 секретари на ООЦК<br>2 стручни работници | 24 – 26.11.2025 година |
| Работилница за врснички мотиватори на албански јазик | 9 ООЦК<br>18 врснички мотиватори<br>4 идни тренери за мотиватори за крводарителство | 28 – 30.11.2025 година |

### Показатели на успешност 2025

- 811 реализизирани крводарителски акции
- 61.778 собрани крвни единици
- 112,3% реализација на предвидениот план
- 20 ООЦК го надминаа годишниот план за крводарителство
- 1.028 поделени јубилејни признанија
- 3 работилници за унапредување на крводарителството
- 36 реализирани врснички едукации за мотивирање на млади крводарители во 14 Општински организации




„Крводарувањето за мене значи живот. Започнав да дарувам во далечната 1982 година тогаш како војник во касарната во Сомбор. Таму дарував за прв пат. Од тогаш па се до денес крводарувањето е чин без кој не можам да се замислам. Секогаш кога можам јас дарувам. Да се спаси човечки живот или да му се помогне на некој кога тоа е најпотребно. Тоа е мојата асоцијација за крводарителство и за хуманост."

*– Никола Цековски, крводарител од Велес со 130 дарувања*

„Како волонтер кој долго време е вклучен во програмата за крводарителство и бил во контакт со многу дарители, гледам како еден мал гест за некому, е сепак голем за општеството и нечив живот. Давањето на крв не одзема ни половина час, а некому значи многу. Од големо значење е што е можно повеќе волонтери да се вклучиме кон оваа програма, затоа што заедно можеме да направиме голема промена за некого."

*– Вељко Жежовиќ, волонтер од ООЦК Карпош, 4 години активно вклучен во програмата за крводарителство*

# МЕНАЏИРАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ

**Членство на Црвен крст на РСМ.** Во изминатата година активно работевме на зголемување на бројот на нови членови и задржување на постојните членови во организацијата на Црвен крст. Во рамките на процесот Трансформација-28 годинава работевме на подготовка на нова нормативна рамка како предуслов за воведувањето на нов модел за членување со цел да обезбедиме нови можности за зачленување и пошироко вклучување на граѓаните на нашата земја  и обезбедување на поголема јавна поддршка за активностите на Црвениот крст. Исто така работевме на подготовка на ново софтверско решение кое ќе придонесе за унапредување на системот за регистрација на членовите во организацијата. Крајната цел е секако преку обезбедување на поголем број на членови да се обезбеди и поголем број на волонтери кои ќе дадат активен придонес во имплементацијата на програмските активности. Во 2025 година регистрирани се вкупно 18.650 члена во 32 ООЦК на РСМ.

**Волонтирање во Црвен крст на РСМ.** Волонтерското дејствување е важен аспект од работата на Црвениот крст на РСМ и има континуиран развој во текот на постоењето на организацијата. Посветено работевме на мотивирање на доброволно волонтирање во организацијата на Црвен крст на РСМ преку развој на нови, пофлексибилни, отворени и комплементарни приоди кои ќе ни овозможуваат создавање на поефикасна мрежа на хуманитарни работници кои работат за општото добро во нашите локални заедници. Во рамки на спроведувањето на програмските активности на националното друштво во 2025 година регистрирани се вкупно 3.798 волонтери во 32 ООЦК и ЦКГ Скопје.

| Активни волонтери по дејности во ООЦК и ЦКГ Скопје во 2025 година | |
|---|---|
| Област на волонтерско делување | Број на волонтери |
| Социјално хуманитарни програми | 413 |
| Здравствено превентивни програми | 562 |
| Подготвеност и дејствување при катастрофи | 340 |
| Дисеминација/ориентирање / ПХВ | 399 |
| Клубови на млади | 1.685 |
| Административна, техничка и логистичка поддршка | 292 |
| Сервисни услуги | 457 |
| Развојни активности | 269 |
| Други волонтерски категории | 275 |
| **Вкупно волонтери** | **3.798** |





## Одбележување на 5-ти декември, светски ден на волонтерството

Црвениот крст на РСМ го одбележа Светскиот ден на волонтерството во партнерство со Собранието на РСМ и со локалните самоуправи ширум државата, промовирајќи ја улогата на волонтерството како основна вредност на солидарност, човечност и граѓанска одговорност. Централниот настан се одржа во Скопје каде што околу дваесетина пратеници предводени од Претседателот на Собранието на РСМ, г-дин Африм Гаши волонтираа на повеќе пунктови на Црвениот крст на РСМ во Скопје.  Општинските организации на Црвениот крст исто така спроведоа слични активности во своите средини, вклучувајќи претставници на локалните самопуправи во промовирање на волонтерството – таму каде што волонтерската работа започнува и има најсилно влијание. Активностите опфатија пакување и дистрибуција на хуманитарни пакети, поддршка за бездомници, помош на стари и изнемоштени лица во домашни услови, организирање социјални активности за лица од трето доба, поддршка за лица со попреченост, како и промотивни активности од областа на првата помош, крводарителството и други хуманитарни и социјални дејности во заедниците.

Во рамки на одбележувањето, беше потпишана Парламентарна декларација за поддршка на волонтерството во Собранието на РСМ, а во повеќе општини беа потпишани и Општински декларации како потврда на зајакнатата поддршка за волонтерите и за изградба на посилни и посолидарни заедници. По повод овој ден, во Собранието на РСМ беше доделена и Благодарница за волонтерите на Црвениот крст на РСМ кои беа вклучени во операцијата за поддршка на населението погодено од пожарот во Кочани. Свои обраќања на настанот во Собранието на РСМ имаа претседателот Африм Гаши и генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ, д-р Саит Саити и претседателот на Црвен крст на РСМ, проф. д-р Ромел Велев кои го истакнаа значењето на волонтерскиот придонес во надминување на различните предизвици со кои се соочуваат различни целни категории на население кои се опфатени со активностите на Црвениот крст како и значењето соработката помеѓу државните институции и Црвениот крст како помошник на властите во државата на хуманитарен план.

# МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

Работата на младите на Црвениот крст на РСМ е насочена кон одговор на потребите на младите луѓе и целните групи, преку примена на пристапот „врсник на врсник“ и различни форми на неформална едукација. Активностите се реализираат со цел промоција и унапредување на здравјето, ублажување на социјалните проблеми преку хуманитарни акции, дејствување при итни состојби од хуманитарен аспект, како и јакнење на свеста за почитување на достоинството, различностите и принципите на хуманост. Младите се активно вклучени и во стекнување вештини од областа на првата помош, промоција на хуманите вредности, како и поттикнување култура на дијалог, толеранција и недискриминација. Младинската структура на Црвениот крст функционира преку 33 клубови на млади при општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје.

| Број на активни млади волонтери | Број на млади членови |
|---|---|
| 2645 | 3084 |

„Годината што е зад нас ја одбележа ентузијазмот, солидарноста и искрената желба на волонтерите да придонесат за својата заедница, да создадат пат и таму каде што навидум е невозможно. Горди сме на секој млад волонтер кој со својата идеја, време и енергија беше дел од бројни инспиративни и иновативни активности. Заедно изградивме силни темели за напредок, ги промовиравме вистинските вредности и поттикнавме многу врсници да ја поддржат нашата мисија. Дури и во предизвикувачки и тешки моменти за целата држава, младите волонтери покажаа зрелост, одговорност и подготвеност да застанат во одбрана на хуманоста. Енергијата која владееше на секој волонтерски собир во 2025-та нè увери дека претстојната изборна година носи уште поголем потенцијал кој гарантира квалитет.“

*– Александра Сандева, Претседател на Совет на млади*

**Врснички едукации.** Црвениот крст на РСМ, согласно воспоставените политики за врсничка едукација, преку своите превентивни програми континуирано работи на подигање на свеста кај младите за прашања од значење за нивното здравје и благосостојба. Во текот на 2025 година, врсничките едукации беа реализирани на следните теми:

| Тема | Работилници | Опфатени лица |
|---|---|---|
| Превенција од ХИВ/СИДА и СПИ | 75 | 2653 |
| Превенција од болести на зависности | 165 | 5692 |
| Борба против трговија со луѓе | 67 | 2078 |
| Промоција на хигиена | 82 | 1864 |
| Ментално здравје | 40 | 916 |
| Еко едукации | 324 | 6921 |
| **Вкупно** | **753** | **20124** |

Со цел зајакнување на капацитетите за реализација на врсничките едукации, во текот на годината беа организирани обуки за врснички едукатори и обучувачи.

| Обука за врснички едукатори | Обучени врснички едукатори | Обуки за обучувачи за врснички едукатори | Обучени обучувачи за врснички едукатори |
|---|---|---|---|
| 5 | 28 | 1 | 7 |

**Зелен волонтеризам.** Програмата „Зелен волонтеризам“ претставува младинска програма на Црвен крст на РСМ, за подигање на свеста кај младата популација за влијанието на загадувањето и климатските промени врз здравјето и животната средина. Во реализацијата на програмата беа вклучени 30 ООЦК и ЦКГ Скопје. Активностите се спроведуваа во периодот септември–декември преку еко-едукации и практични активности за развој на одржливи еко-навики во клубовите на млади.

**Национален летен младински камп – 100% Црвен крст.** Во периодот од 18 до 24 јули, во кампот „Скаут“ во Струга се реализираше Националниот младински камп „100% Црвен крст“. Кампот имаше за цел да се зајакнат капацитетите на раководните структури на клубовите на млади преку развој на лидерски, организациски и програмски вештини. На кампот учествуваа 56 млади од 28 клубови на млади од ООЦК и ЦКГ Скопје. Преку интерактивни сесии и практична работа, учесниците ги унапредија знаењата за организација и раководење со младински клубови, функционирањето и принципите на националното друштво, користење на дигитални алатки за видливост, прва психолошка помош и иницирање младински иницијативи.

**Недела на млади.** Во периодот од 1 до 7 октомври, Црвениот крст на РСМ ја одбележа Неделата на млади под мотото „Биди промената што сакаш да ја видиш. Активностите беа насочени кон зајакнување, вмрежување и регрутирање на млади волонтери, како и промоција на работата на клубовите на млади и училишните клубови. Неделата беше одбележана преку активности во училишни клубови, студентски катчиња, отворени денови и јавни промоции, со посебен фокус на интерактивни и едукативни содржини за ученици и студенти. Во реализацијата се вклучија 27 општински организации и ЦКГС, со учество на 319 волонтери, додека 1.545 млади директно учествуваа во активностите.

**Младински иницијативи.** Иницијативите креирани од младите за време на кампот „100% Црвен крст“ беа дополнително разработени преку подготовка на акциски планови со јасно дефиниран буџет и динамика на работа. Во процесот учествуваа 53 млади волонтери од 23 ООЦК / ЦКГ Скопје, кои преку интерактивни сесии, групни дискусии и практична работа ги приоритизираа трите клучни младински иницијативи. За секоја од нив беа изработени детални акциски планови со јасно дефинирани цели, активности, временска рамка и буџет, за тие да се реализираат во текот на 2026 година, а по нивната успешна имплементација да станат дел од редовните програмски активности на Црвениот крст. Иницијативите претставуваат значаен чекор кон обезбедување континуитет во младинската работа, јакнење на капацитетите на младите волонтери и нивно позиционирање како активни креатори на програмски решенија со локално и национално значење.



# ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА –
# ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

**Подготвителни активности за реализација на програмата.** По успешно завршениот циклус во 2024 година беше извршена анализа на резултатите, врз основа на која ПХВ колегиумот даде препорака за продолжување на програмата според истиот модел во 2025 година. Во текот на јануари беше одржана координативна средба со секретарите на ООЦК, на која беа презентирани резултатите од претходната година, обврските на дисеминаторите и новите алатки за поддршка. Паралелно беше воспоставен и зајакнат менторскиот систем со вклучување на 10 ПХВ ментори, кои континуирано обезбедуваа стручна поддршка на дисеминаторите во текот на целата година. Како новитет, инструкторите имаа можност да се профилираат како обучувачи, ментори или инструктори, со што се обезбеди поконцизна и поквалитетна обука на дисеминаторите. Дополнително, беа ревидирани и преведени прирачниците, а беше изработена и функционална веб-страна со сите потребни материјали со цел олеснување на имплементацијата на програмата.

**Обука за дисеминатори и спроведување на мали проекти.** Во февруари беше реализирана централна обука за 40 ПХВ дисеминатори од 33 ООЦК, по што следуваа три обуки во секоја ООЦК (дисеминација, изработка и документирање на мали проекти), за вкупно 1.200 млади. Поради трагичниот настан во Кочани, дел од активностите беа временски пролонгирани, при што беше обезбедена дополнителна поддршка за погодените средини. Во периодот март–мај 2025 година, на терен беа спроведени вкупно 170 мали ПХВ проекти од страна на 1.041 младинец, кои опфатија повеќе од 5.000 корисници. Проектите беа евалуирани на подготвителната работилница на Попова Шапка, при што 135 проекти добија највисока оцена, а 44 беа оценети како проекти со исклучително висок импакт односно добија „сонце“. Преку проектите беа собрани над 42.000 евра од заедницата наменети за корисниците и младите вложиле повеќе од 37.000 волонтерски часа од своето слободно време за изработка на овие проекти. Програмата беше силно поддржана и преку промотивни активности, со изработка на над 170 видеа и активна комуникација на социјалните мрежи, што придонесе за зајакнување на позитивниот имиџ на Црвениот крст и зголемен интерес за младинско волонтирање.

**ПХВ Недела и ПХВ Пехар и одбележување на јубилеј.** Во рамки на ПХВ неделата која се одбележува од 21 до 27 септември беа организирани 30 настани низ државата со над 1.100 учесници. Годината беше заокружена со доделување на ПХВ пехарот на Црвен крст Свети Николе, Битола и Неготино и наградите за најуспешните ООЦК, како и со истакнување на позитивни примери на солидарност од страна на ПХВ инструкторите. Паралелно продолжија подготовките за одбележување на 30-годишнината на ПХВ програмата, вклучително и изработка на ПХВ монографија, чија промоција е планирана за 2026 година.

**Придобивки од ПХВ Програмата.** Централна вредност на програмата претставуваше работата со млади, како двигатели на позитивни промени во заедницата. Преку структурирани обуки, менторска поддршка и практична работа, младите беа охрабрени да излезат од својата комфорна зона, да преземат одговорност и активно да се вклучат во решавање на реални општествени потреби. Процесот на изработка и реализација на малите ПХВ проекти овозможи младите да стекнат животни и лидерски вештини, вклучително и да се запознаат со тимска работа, комуникација, планирање, истражување, управување со време и ресурси, како и јавна презентација и документирање на резултати. Дополнително, преку активната промоција на проектите и присуството на социјалните мрежи, младите се афирмираа како позитивни примери и локални лидери, градејќи чувство на припадност, самодоверба и одговорност кон заедницата. Програмата не само што овозможи практично учење, туку и создаде простор за личен раст, мотивација и долгорочна вклученост во волонтерството и хуманитарното дејствување.

> „Во текот на моето учество како дисеминатор во ООЦК Кавадарци, во рамки на програмата ЦКАПХВ, циклус 2025 година, имав можност да бидам дел од хумана мисија која претставува едно од моите најубави искуства досега. Ова искуство ми овозможи да го вложам моето време на вистинското место, да стекнам нови знаења и практични вештини. Учеството во ПХВ програмата значајно придонесе кон мојот личен и професионален развој, зајакнувајќи ги вредностите на хуманост, солидарност и одговорност кон заедницата. Програмата дополнително ме мотивира да продолжам да се развивам, да помагам и активно да придонесувам кон општеството.“
>
> *– Ристе Трајков, дисеминатор, ООЦК Кавадарци*



# ДИСЕМИНАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО

Програмата за дисеминација и Меѓународно хуманитарно право во 2025 година опфати повеќе активности преку кои Црвениот крст на РСМ активно придонесе за ширење на хуманите вредности и основните принципи на Движењето, како и кон доближување на својата мисија и визија до пошироката јавност.

| Дисеминациски сесии | Опфатени лица | Активни дисеминатори |
|---|---|---|
| 468 | 9171 | 92 |

**Дисеминациски пунктови на натпревари по прва помош.** Црвениот крст на РСМ организираше два регионални натпревари по прва помош за ученици од основните и средните училишта, како и еден државен натпревар по прва помош. Во рамки на натпреварите, на патеките беа поставени дисеминациски пунктови на кои учесниците беа оценувани за нивното знаење за Движењето на Црвениот крст преку интерактивен квиз.

**Обука за дисеминатори.** Во периодот од 12 до 14 септември 2025 година, беше спроведена обука за нови дисеминатори на Црвениот крст на РСМ на која учествуваа 13 учесници од 12 ООЦК. Учесниците беа запознаени со историјата, целите, структурата и начинот на функционирање на Движењето на Црвениот крст, како и со основните теми од областа на Меѓународното хуманитарно право, заштитата и употребата на амблемот, безбедноста и интегритетот. Во завршниот дел од обуката беа дадени насоки за теренска работа и за пренесување на стекнатите знаења на различни целни групи.

**Работилница со дисеминатори.** На 15 октомври 2025 година беше одржана работилница со дисеминатори од ООЦК и ЦКГ Скопје. Работилницата беше фокусирана на развој и прилагодување на нови дисеминациски модули наменети за пензионери и различни работни организации. Целта беше унапредување и ажурирање на постојните материјали преку воведување современи, интерактивни и практични пристапи, усогласени со потребите на целните групи.

**Состанок со дисеминатори за меѓународно хуманитарно право.** На 21 октомври 2025 година, Црвениот крст на РСМ одржа работен состанок со дисеминаторите за меѓународно хуманитарно право од ООЦК и ЦКГ Скопје. На состанокот беа разгледани досегашните активности, постигнатите резултати и предизвиците во дисеминацијата на МХП, како и предлози за развој на нови модули прилагодени на различни возрасни групи и целни заедници, вклучително ученици, студенти, вработени и професионалци од различни сектори.

**Обука за дисеминатори за меѓународно хуманитарно право.** Во периодот од 7 до 9 ноември 2025 година, во Струга се одржа обука за дисеминатори за Меѓународно хуманитарно право, на која учествуваа 17 учесници од ООЦК и ЦКГ Скопје. Обуката имаше за цел зајакнување на капацитетите на ограноците во областа на дисеминацијата на МХП, со посебен фокус на Женевските и Хашките конвенции, Дополнителните протоколи, заштитната улога и правилната употреба на амблемот на Црвениот крст, како и други релевантни акти на меѓународното право.

**Семинар за меѓународно хуманитарно право и неговата примена во одбраната, безбедноста и управувањето со кризи.** На 27 ноември 2025 година, во Тренинг-центарот „Д-р Џозеф Крузел“ во касарната „Гоце Делчев“ – Скопје, беше одржан семинар на тема „Меѓународно хуманитарно право и неговата примена во одбраната, безбедноста и управувањето со кризи“. Целта на семинарот беше запознавање на учесниците со основните правила, принципи и практичната примена на МХП во системите за одбрана, безбедност и управување со кризни ситуации. На семинарот учествуваа претставници од повеќе релевантни институции.

# СЛУЖБА БАРАЊЕ

Во 2025 година, Службата Барање главниот акцент го стави на обработувањето на што поголем број Барања за потрага пристигнати од разни национални друштва, на кои не бил даден одговор до тогаш. Во текот на целата година, беа одржувани низа редовни онлајн состаноци со претставници на Меѓународниот Комитет на Црвен крст и националните друштва во регионот со цел обезбедување на непречена координација и соработка за воспоставување на семејни врски и непречено функционирање на службата за барање.

Во таа насока, на почетокот на годината беше остварена и работна средба со г-дин Јован Алтанџиев, Помошник министер на Одделот за граѓански работи при Министерството за внатрешни работи, на која беа дефинирани чекорите, одговорните оддели и роковите во кои МВР ќе достави официјален одговор на пристигнатите Барања кои наложуваат поддршка за барање и лоцирање на исчезнати лица во Република Северна Македонија.

**Регионална средба за водпоставување семејни врски во Атина.** Црвениот крст на РСМ учествуваше на Регионалната средба по повод 10 години од постоењето на RIC/RFL платформата која се одржа во месец октомври во Атина, Грција. На настанот присуствуваа генералните секретари на националните друштва од регионот, меѓу кои и Генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ, д-р Саит Саити, како и претставниците на Службата Барање – Воспоставување семејни врски. Главна тема на настанот беше дискутирање на имплементацијата на Стратегијата за воспоставување на семејни врски на Меѓународното Движење на ЦК/ЦП 2025-2030 година, како и миграциските предизвици во регионот и остварувањето на зацртаните заеднички цели. Акцент беше ставен и на зајакнување на прекуграничната соработка, заштита на личните податоци и усвојување на одржливи хуманитарни практики со цел поефикасна Служба Барање.

**Студиска посета на Хрватски Црвен крст.** Претставник на Црвен крст на РСМ престојуваше во Загреб во студиска посета на Хрватскиот Црвен крст во месец ноември. За време на престојот, покрај низа состаноци одржани со Хрватскиот тим на Службата Барање, беа остварени и средби со колегите од централната канцеларија на Хрватскиот Црвен крст (Центар за едукација, Правна служба, Служба за меѓународна соработка), како и со колегите кои работат во Логистичкиот центар за кризни ситуации. Беа посетени и Прифатниот центар за баратели на азил, Порин, како и Имиграциско-детенцискиот центар, Јежево. Исто така, нашиот претставник присуствуваше и на специјализираната обука за волонтери и претставници на Службата Барање од општинските организации на Хрватскиот Црвен крст.




**Показатели на успешност 2025**

- Процесирани 18 барања за потрага
- Решени 8 случаи од страна на Службата за барање на Црвен крст на РСМ

# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Ефективната и одговорна комуникација со јавноста претставуваше еден од клучните столбови во јакнењето на довербата и препознатливоста на Црвениот крст на РСМ. Преку јасни, транспарентни и човечки пораки, организацијата успеа да ги доближи своите хуманитарни активности до граѓаните, донаторите, партнерите и поддржувачите, градејќи силен и кредибилен јавен имиџ. Користејќи современи комуникациски алатки и канали, Црвен крст на РСМ ја споделуваше својата мисија, вредности и резултати со широката јавност.

**Дигитални канали: интернет-страница и социјални мрежи.** Редизајнираната и функционално унапредена интернет-страница на ЦКРСМ претставуваше централна платформа за презентирање на хуманитарната мисија, тековните активности и постигнатите резултати. Преку јасно структурирани и интерактивни содржини, посетителите добија можност лесно да се информираат, да се вклучат и да станат дел од хуманитарните иницијативи на организацијата. Социјалните мрежи, како динамичен и директен канал за комуникација, овозможија брзо споделување информации, подигање на јавната свест и активно вклучување на заедницата. Објавувањето на содржини на три јазици значително го прошири досегот и ја зајакна инклузивноста, овозможувајќи хуманитарните пораки на ЦКРСМ да допрат до поширока публика во земјата и надвор од неа.

**Е-весник „Инфо“ – гласот на хуманоста.** Електронскиот весник „Инфо“ и понатаму остана силна алатка за директна и редовна комуникација со донаторите, волонтерите, партнерите и соработниците. Преку неделните изданија, читателите беа навремено информирани за активностите, проектите и конкретните резултати што Црвениот крст ги постигнува на локално, национално и меѓународно ниво. Во текот на 2025 година беа подготвени 135 броеви со вкупно 2.100 објавени текстови, дистрибуирани до околу 99.000 електронски адреси. Преку „Инфо“, јавноста доби транспарентен и автентичен увид во влијанието на донациите и поддршката, како и во човечките приказни што стојат зад секоја реализирана активност.

**Публикации – пораки што инспирираат и поттикнуваат акција.** Преку издавачката дејност, ЦКРСМ и оваа година успешно ги претвори хуманитарните вредности во јасни, разбирливи и визуелно привлечни пораки. Креативните едукативни материјали, изработени во форма на брошури, флаери, постери, прирачници, доплатни марки и други публикации, беа наменети за информирање, едукација и мотивирање на различни целни групи. Публикациите не само што ги поддржаа традиционалните активности и проектни иницијативи, туку дадоа и силен придонес кон градењето позитивна перцепција и доверба во работата на Националното друштво. Со објавување на изданијата на македонски и албански јазик, како и делумно на англиски јазик, пораките на хуманост беа достапни до поширока и разновидна публика.

**Соработка со медиумите – партнерство за транспарентност.** Преку повеќе од 50 соопштенија за печат, прес-конференции и јавни настапи во електронските медиуми, ЦКРСМ обезбеди континуирана видливост на својата работа и хуманитарните интервенции. Медиумската соработка овозможи објективно, навремено и транспарентно информирање на јавноста за активностите и постигнатите резултати. Градејќи партнерски односи со новинарите и медиумските куќи, Црвениот крст ја зајакна довербата на јавноста и придонесе кон создавање позитивно јавно мислење, што е од клучно значење за поддршката и континуираното вклучување на донаторите и партнерите.



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

Црвениот крст на Република Северна Македонија своето работење го прикажува преку финансискиот извештај кој ги содржи планираните и реализираните приходи и расходи. Финансискиот извештај претставува потврда за успешно имплементирани програмски и проектни активности поддржани од домашни и странски партнери на организацијата.

Работењето на организацијата прикажано преку финансики податоци покажува успешно завршена година со остварување на Буџетот од 276,26% како резултат на обезбедени средства од услугите за лична аситенција на лица со попреченост и нега на стари лица, донација за настраданото населени од пожарот во Кочани и обезбедување на дополнителни средства. Во 2024 година остварувањето на Буџетот изнесуваше 137,71%.

Сопствени проходи се реализирани со 113,91% и учествуваат со 17,74% од вкупно остварените приходи. Приходите од органи и донатори, претставуваат наменски приходи, кои во најголем дел директно се префрлаат во општинските организации, каде се користат за имплементација на проектни активности. Овие приходи се реализирани со 398,82% и бележат зголемување во однос на 2024 година кога приходите од донатори беа реализирани со 153,33%. Во однос на вкупно реализираните приходи во 2025 година приходите од органи и донатори зафаќаат 82,26%.

Во делот на расходите може да се утврди дека трошењето е контролирано и наменско, што е основна цел на секоја организација. Од вкупно реализираните расходи, функционалните односно програмските трошоци бележат зголемување во однос на претходната година и изнесуваат 84%, расходот за плата на вработените изнесува 7,45%, а материјалните трошоци изнасуваат 10,6%. Од вкупно реализираните расходи 14,91% се однесуваат за потребите на централата, 24,66% се директно префрлени во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје и во номинална вредност белажат намалување во одно на претходанта година, додека останатите 60,43% се средства кои се потрошени во централната канцеларија а се однесуваат за реализација на програмски активности на ООЦК и ЦКГ Скопје.

Дел од вишокот на финансиските средства односно позитивната разлика помеѓу приходите и расходите се наменски средства кои се однесуваат на проекти чија реализација продолжува во 2026 година.

Од страна на Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ беше формирана комисија, која изврши внатрешна контрола на финансиското и материјално работење. Исто така беше ангажирана надворешна независна ревизирска куќа, која изврши ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување и сметководствените прописи кои важат во Република Северна Македонија. Според мислењето на ревизорската куќа, финансиската состојба на организацијата Црвениот крст на РСМ е прикажана реално и објективно.

Финансискиот извештај се однесува само на работењето на централната канцеларија на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ (01.01.2025 – 31.12.2025)

| | Буџет 2025 | Реализирано 2025 | % | Учество % |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **151.558.414,00** | **418.697.099,00** | **276,26** | |
| • Сопствени извори на приходи | **65.195.299,00** | 74.262.952,00 | 113,91 | 17,74 |
| • Приходи од органи / донатори | **86.363.115,00** | 344.434.147,00 | 398,82 | 82,26 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **151.558.414,00** | **332.068.511,00** | **219,87** | |
| • Плати и надоместоци на вработени | **26.604.600,00** | 24.743.191,00 | 93,00 | 7,45 |
| • Расходи за материјали и услуги | **21.366.900,00** | 35.198.432,00 | 164,73 | 10,60 |
| • Функционални (програмски) расходи | **103.586.914,00** | 272.126.888,00 | 262,70 | 81,95 |
| **РАЗЛИКА** | **0,00** | **86.628.588,00** | | |

## ПРИХОДИ

| ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи / донатори | Буџет 2025 | Реализирано од сопствени извори | Реализирано од органи и донатори | Реализирано 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | | |
| • Министерство за социјална политика, демографија и млади | 6.000.000,00 | 2.000.000,00 | **8.000.000,00** | 3.197.164,00 | | 3.197.164,00 |
| • Влада на Република Северна Македонија (стокови резерви) | | | **0,00** | | | 0,00 |
| • Крводарителство (Министерство за здравство) | | 10.700.000,00 | **10.700.000,00** | | 9.494.880,00 | 9.494.880,00 |
| • Социјално-хуманитарна дејност | 16.400.000,00 | 4.400.000,00 | **20.800.000,00** | 14.855.441,00 | 7.283.473,00 | 22.138.914,00 |
| • Организација и развој | | 1.334.550,00 | **1.334.550,00** | | 1.614.050,00 | 1.614.050,00 |
| • Прва помош | 8.542.000,00 | | **8.542.000,00** | 8.225.843,00 | | 8.225.843,00 |
| • Здравствено превентивна дејност | | 2.209.148,00 | **2.209.148,00** | | 1.211.862,00 | 1.211.862,00 |
| • Млади | | 264.000,00 | **264.000,00** | | 274.000,00 | 274.000,00 |
| • Подготвеност и одговор во случај на катастрофи | | 2.460.000,00 | **2.460.000,00** | 18.400,00 | 20.912.694,00 | 20.931.094,00 |
| • Дисеминација и МХП | | 737.000,00 | **737.000,00** | | 1.417.805,00 | 1.417.805,00 |
| • ЦК во акција - ПХВ | | 792.000,00 | **792.000,00** | | 760.500,00 | 760.500,00 |
| • Односи со јавност | | | **0,00** | | | 0,00 |
| • Воспоставување на семејни врски | | | **0,00** | | | 0,00 |
| • Меѓународна соработка | | | **0,00** | | 2.121.782,00 | 2.121.782,00 |
| • Ментално здравје и ПСП | 616.000,00 | 1.800.000,00 | **2.416.000,00** | | 101.703,00 | 101.703,00 |
| • Човечки ресурси | | | **0,00** | | | 0,00 |
| • Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | | | **0,00** | | | |
| **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | | |
| • Од ООЦК (по основ на котизација) | 1.770.000,00 | | **1.770.000,00** | 1.564.000,00 | | 1.564.000,00 |
| • Донација од физички лица | 150.000,00 | | **150.000,00** | | | 0,00 |
| • Донација од правни лица / продажба на возила | 1.000.000,00 | | **1.000.000,00** | 2.935.130,00 | 274.727,00 | 3.209.857,00 |
| • Доплата марки (од Закон на ЦК) | 200.000,00 | | **200.000,00** | 46.696,00 | | 46.696,00 |
| • Од закупнина на деловен простор / други приходи / приходи од продажба на капитални средства | 1.792.800,00 | | **1.792.800,00** | 2.143.437,00 | | 2.143.437,00 |
| • Од регистрација на возила (средства од Закон за ЦК) | 12.960.000,00 | 59.040.000,00 | **72.000.000,00** | 14.776.138,00 | 67.313.515,00 | 82.089.653,00 |
| • Други приходи / приходи од камата / членски карти / рефундирање на трошоци за канцеларија / вратен депозит од банка / котизација за летен камп / проекти / рефундирање на трошоци / приходи од ООЦК за набавак на дефибрилатори, компјутери, униформи | | | **0,00** | 4.652.863,00 | 10.258.898,00 | 14.911.761,00 |
| • Фонд на солидарност | | | **0,00** | | 179.299.205,00 | 179.299.205,00 |
| • Од курсеви за спасители на вода | 30.000,00 | | | | | 0,00 |
| • Пренесени средства од претходна година | 15.734.499,00 | 626.417,00 | **16.360.916,00** | 21.847.840,00 | 42.095.053,00 | 63.942.893,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **65.195.299,00** | **86.363.115,00** | **151.558.414,00** | **74.262.952,00** | **344.434.147,00** | **418.697.099,00** |

## РАСХОДИ

| ОПИС | Од сопствени извори | Од органи / донатори | Буџет 2025 | Реализирано од сопствени извори | Реализирано од органи и донатори | Реализирано 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | | |
| • Основни плати и надоместоци | 23.227.200,00 | 3.347.400,00 | **26.574.600,00** | 23.351.527,00 | 1.208.288,00 | 24.559.815,00 |
| • Придонеси од плати и персонален данок | 30.000,00 | 0,00 | **30.000,00** | 138.890,00 | 44.486,00 | 183.376,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ** | 23.257.200,00 | 3.347.400,00 | **26.604.600,00** | 23.490.417,00 | 1.252.774,00 | 24.743.191,00 |
| • Патни и дневни расходи | 250.000,00 | 0,00 | **250.000,00** | 3.392.470,00 | 0,00 | 3.392.470,00 |
| • Комунални услуги | 938.400,00 | 0,00 | **938.400,00** | 720.196,00 | 39.700,00 | 759.896,00 |
| • Затоплување | 510.000,00 | 0,00 | **510.000,00** | 253.236,00 | 0,00 | 253.236,00 |
| • Комуникација и транспорт | 2.735.000,00 | 0,00 | **2.735.000,00** | 2.484.212,00 | 1.183.386,00 | 3.667.598,00 |
| • Материјали | 6.479.000,00 | 1.376.000,00 | **7.855.000,00** | 4.666.695,00 | 3.257.799,00 | 7.924.494,00 |
| • Тековно одржување | 1.776.000,00 | 0,00 | **1.776.000,00** | 2.799.837,00 | 272.610,00 | 3.072.447,00 |
| • Договорни услуги | 8.278.500,00 | 10.612.398,00 | **18.890.898,00** | 6.123.074,00 | 9.482.146,00 | 15.605.220,00 |
| • Други оперативни расходи | 2.200.000,00 | 184.500,00 | **2.384.500,00** | 1.509.784,00 | 0,00 | 67.913,00 |
| • Трансфери до непрофитни организации | 10.248.405,00 | 69.802.280,00 | **80.050.685,00** | 9.860.038,00 | 81.892.865,00 | 91.752.903,00 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | 33.415.305,00 | 81.975.178,00 | **115.390.483,00** | 31.809.542,00 | 96.128.506,00 | 126.496.177,00 |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | | |
| • Купување на мебел и канцелариска опрема | 2.763.000,00 | 1.000.000,00 | **3.763.000,00** | 2.295.598,00 | 3.488.194,00 | 5.783.792,00 |
| • Купување на моторни возила | 2.000.000,00 | 0,00 | **2.000.000,00** | 275.012,00 | 0,00 | 275.012,00 |
| • Основно и специјално одржување | 100.000,00 | 0,00 | **100.000,00** | 2.187.668,00 | 2.275.252,00 | 4.462.920,00 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | 4.863.000,00 | 1.000.000,00 | **5.863.000,00** | 4.758.278,00 | 5.763.446,00 | 10.521.724,00 |
| **ВКУПНО ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | 3.700.331,00 | 0,00 | **3.700.331,00** | 1.586.646,00 | 167.278.902,00 | 168.865.548,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **65.235.836,00** | **86.322.578,00** | **151.558.414,00** | **61.644.883,00** | **270.423.628,00** | **332.068.511,00** |

Служба за финансии и ревизија
**Жаклина Поповиќ**

Генерален секретар
**д-р Саит Саити**













| | | |
|---|---|---|
| Трансфери во ООЦК | 81.892.865,00 | 24,66 % |
| Трошоци за централата | 49.502.781,00 | 14,91 % |
| Трошоци од централата за ООЦК | 200.672.865,00 | 60,43 % |
| | **332.068.511,00** | **100,00 %** |

Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

Бул. Јане Сандански бр. 111 кат 3
1000 Скопје
Република Северна Македонија

**До:**
**Раководството на**
**ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

***Мислење***

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје ја презентираат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Организацијата на ден 31 декември 2025, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годината која завршува на тој ден, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации.

Скопје, 30 март 2026 година

Даниела Козарева Јованов
Овластен ревизор

Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје

Драган Димитров
Управител